# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

**од Првото продолжение на Седумдесет и првата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 15 јули 2004 година**

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија, сала 1, со почеток во 11,10 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше господинот Љупчо Јордановски, претседател на Собранието на Република Македонија.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дами и господа пратеници,

Продолжуваме со работа по Седумдесет и првата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Весна Борозан,  Ристе Бислимовски, Трифун Костовски, Мендух Тачи, Ангелка Пеева - Лауренчиќ, Ганка Самоиловска-Цветанова, Љубчо Георгиевски, Љубе Бошковски, Никола Груевски, Сашко Кедев, Марјан Ѓорчев, Ѓорѓи Оровчанец, Орданчо Тасев, Петар Наумовски, Љупчо Балковски, Али Ахмети, Талат Џафери, Цветанка Иванова, Наташа Биковска, Емилија Костадинова, Рафет Муминовиќ, Ванчо Ѓеоргиев и Стојан Андов ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

Ве молам да притиснете едно од копчињата на системот за гласање за да го утврдиме бројот на присутните пратеници во салата.

Во салата се пристуни 61 пратеник и Собранието може полноважно да одлучува.

**Продолжуваме по 13-та точка:**

**Предлог за донесување на закон за ратификација на Амандман на Базелската конвенција за контрола н апрекуграничното пренесување на опасниот отпад и негово одлагање и Амандман на Анекс 1, Анекс 8 и Анекс 9, со Предлог на закон.**

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Присутни се 61 пратеник, гласале 60 пратеници, сите гласале за.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Дали некој бара збор? (Никој)

Бидејки никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 61 пратеник, 60 пратеници гласале за, 1 воздржано и нема против.

Констатирам дека  Собранието го донесе Законот.

**Се враќаме на точката 11:**

**Предлог на закон за изменување на Законот за заштита и спасување.**

Предлогот на законот ви е поделен.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејки никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот на законот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повиквуам да гласаме.

Гласале 61 пратеник, 60 пратеници гласале за, 1 воздржано, нема против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот.

**Преминуваме на 14-та точка:**

**Предлог за донесување на закон за ратификација на Спогодбата меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Руската Федерација за соработка во областа на ветеринарството, со Предлог на закон.**

Предлогот за донесување на закон, со Предлогот на закон и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејки никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за ратификација на Спогодбата меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Руската Федерација за соработка во областа на ветеринарството.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале вкупно 58 пратеници, 58 гласале за, нема воздржани, нема против. Во салата се присутни 61 пратеник.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот?

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 60 пратеници, 60 пратеници гласале за, нема воздржани, нема против.

Во салата се присутни 61 пратеник за време на гласањето.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејки никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот на законот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 61 пратеник, 61 пратеник гласал за, нема воздржани,нема против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот.

**Преминуваме на 15-та точка:**

**Предлог за донесување на закон за ратификација на Европската конвенција за пренос на казнените постапки, со Предлог на закон.**

Предлогот за донесување на закон, со Предлогот на закон и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејки никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлог за донесување на закон за ратификација на Европската конвенција за пренос на казнените постапки.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале вкупно 58 пратеници, 57 гласале за, нема воздржани и 1 против.

Ги молам службите да го утврдат бројот на пристуните пратеници.

Во салата се присутни 62 пратеници.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот?

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 57 пратеници, 57 пратеници гласале за, нема воздржани, нема против.

Во салата се присутни 63 пратеници за време на гласањето.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејки никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот на законот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 58 пратеник, 58 пратеници гласале за, нема воздржани,нема против. Во салата се присутни 64 пратеници.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот.

**Преминуваме на 14-та точка:**

**Предлог за донесување на закон за ратификација на Спогодбата меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Руската Федерација за соработка во областа на ветеринарството, со Предлог на закон.**

Предлогот за донесување на закон, со Предлогот на закон и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејки никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлог за донесување на закон за ратификација на Спогодбата меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Руската Федерација за соработка во областа на ветеринарството.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале вкупно 58 пратеници, 58 гласале за, нема воздржани, нема против. Во салата се присутни 61 пратеник.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот?

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 60 пратеници, 60 пратеници гласале за, нема воздржани, нема против.

Во салата се присутни 61 пратеник за време на гласањето.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејки никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот на законот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 61 пратеник, 61 пратеник гласал за, нема воздржани,нема против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот.

**Преминуваме на 16-та точка:**

**Предлог за донесување на закон за ратификација на Европската конвенција за спречување на тероризмот, со Предлог на закон.**

Предлогот за донесување на закон, со Предлогот на закон и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејки никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлог за донесување на закон за ратификација на Европската конвенција за спречување на тероризмот.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале вкупно 60 пратеници, 60 гласале за, нема воздржани, нема против. Во салата се присутни 67 пратеник.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот?

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 59 пратеници, 59 пратеници гласале за, нема воздржани, нема против.

Во салата се присутни 67 пратеник за време на гласањето.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејки никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот на законот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 58 пратеник, 58 пратеници гласале за, нема воздржани,нема против. Во салата се присутни 68 пратеници.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот.

**Преминуваме на 17-та точка:**

**Предлог за донесување на закон за ратификација на Спогодбата меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Руската федерација за воено-техничка соработка, со Предлог на закон.**

Предлогот за донесување на закон, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени, односноподелени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор?

Има збор господинот Спиро Мавровски.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Благодарам, г. претседателе.

Тоа што повикувате дека левата страна не беше присутна во собранискaта сала има голема причина и тоа го знае макеоднската јавност зошто не е присутна, но за тоа ќе говориме во друга прилика.

Во моментов имаме една ратификација на Спогодба меѓу Владата на РМ и Владата на Руската федерација. Гледајки ја оваа Спогодба премногу амбициозно, страните во случајов и она што значи Спогодба, членот 1: Испорачување на оружје, воена техника, друг наменски имот, извршување на научно истражувачки и експериментално конструкторски работи за создавање нови обрасци на оружје и воена техника, кооперација во област ана нивното производство, извршување услуги за градење на објекти на наменско производство, размена на специјалисти со цел реализирање на заеднички програми во област ана воено-техничката соработка - сето тоа дава широка лепеза, каде што Министерството за одбрана, склучувајки ја оваа Спогодба на која е потпишана госпоѓата Илинка Митрева, минситер за

надворешни работи, ни е страв да не не донесе во една друга ситуација. Дали сето ова е координирано затоа што цело време кажувам е дека нашата цел е влегување во НАТО и дека сме пред вратите на НАТО, само незнам пред кои врати. Да не се случи ова што ни се случува сега, да трошиме многу повеќе средства сечејки ги руските тенкови, па утре да бараме некој купувач на кого ќе можеме да му ги продадеме авионите, затоа што сето тоа нема да биде контактибилно со НАТО-Пактот. Во случајот две страни кои ќе соработуваат на технологија кои ќе соработуваат меѓу македонски и руски претпријатија, организации и институции во областа на воено-техничката соработка  во кои ќе се определат условите за испорака на производи за воена намена и остварување на други видови техничка соработка. А после тоа имаме некоја документација , па работа на нови видови на оружје, такви организации во Република Македонија освен ако не е некоја голема воена тајна, јас не познавам. Значи се раоти едноставно за купување на оружје и за мене можеби спогодба, еве не сум правник, но ќе запрашам ако може некој од Владата да одговори. Членот 7, несогласувањата поврзани со извршувањето и толкувањето на одредбите од оваа Спогодба, страните ќе ги регулираат по пат на преговори и консултации. Тука се работи за оружје, може да се работи за висока технологија која што може да биде злоупотребена, дали начинот на кој што може да се регулира сето ова се преговори и консултации.  Мислам дека ќе се најде некој од Владата да гоо бјасни сето ова. Колку сето ова ќе бид екомпактибилно со НАТО-Пактот, тоа е прашање, затоа што другите држави како Словенија и Полска најдоа начин тие тенкови што ние ги сечеме да ги прилагодат на армиите и сега се во Европската унија. За жал, ние и покрај тоа што сме на вратите, веќе ги исековме тенковите. Утре можеби ќе ги продадеме и авионите, па ќе бараме дополнително да ни се пушти некое друго вооружување, за кое понатаму НАТО-Пактот ќе каже дека не е контактибилно. Затоа, мислам дека треба да се внимава со ваквите спогодби и договори, затоа што ако имаме еден правец, треба да се движиме по него, а не кога ќе стигнеме до некаде повторно да се враќаме на почетокот и така без крај.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам г. Мавровски.

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејки никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Пред да го предложам заклучокот, ги молам пратениците да влезат во салата.

Молам, службите да го утврдат бројот на присутните пратеници во салата.

На Собранието му предлагам да го усвои следнито заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за ратификација на Спогодбата меѓу Владата на РМ и Владата на Руската федерација за воено-техничка соработка.

Ве повикувам да гласаме.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Вкупно гласале 58 пратеници, 55 пратеници гласале за, 2 воздржани 1 против.

Во салата се присутни 62 пратеника.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се пртресе и Предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 56 пратеници, 53 пратеници гласале за, 2 воздржани 1 против.

Во салата се присутни 62 пратеника.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Во салата се присутни 62 пратеника. Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот.

Предлогот на законот го ставам на гласање и ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 56 пратеници, 53 пратеника гласале за, 2 воздржани 1 против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за ратификација на Спогодбата меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Руската Федерација за воено - техничка соработка.

Минуваме на точката 18. - **Предлог за донесување на закон против ограничувањата на конкуренцијата.**

Предлогот за донесување на законот и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор.

Има збор Стефче Јакимовски, министер за економија.

СТЕФЧЕ ЈАКИМОВСКИ:

Почитувани пратеници, основните причини за донесување на овој закон е да извршиме усогласување на Законот со законодавството на ЕУ, како обврска која што произлегува од член 68 од Спогодбата за стабилизација и асоцијација и националната програма за приближување на нашето законодавство со Европското. Натаму, усогласување со позитивните закони во Република Македонија особено со промените од областа на трговското законодавство и усогласување на Законот со состојбите на пазарот и потребите на националната економија. Основни новини што се предвидуваат со овој закон секако дека ќе видите дека има одредени драстични измени, особено негова особена карактеристика на новиот закон е што монополската управа како орган во составот на Министрството за економија прераснува во Комисија за заштита на конкуренцијата. Комисијата е самостоен орган составен од 5 члена кои ги именува и ги разрешува Собранието на Република Македонија. Комисијата е должна еднаш годишно, а по барање секогаш на Собранието да му достави извештај за својата работа. Со ова се обезбедува самостојност, независност и колективност во одлучувањето на Комисијата, а што гарантира елиминирање на било какви политички, или бизнис влијанија врз нејзината работа. Натаму, Комисијата ќе има најмалку два професионални члена, а додека постоечката монополска управа ќе биде стручна служба на оваа комисија. Во законот се предвидени високи парични казни со што треба да се обезбеди поефикасна заштита на конкуренцијата на пазарот, односно успешно санкционирање на сите оние што создаваат монополски услови на пазарот и остваруваат монополски профити. Паричните казни се утврдени во проценти согласно регулативите на ЕУ, и тоа до 10% за тешки повреди на Законот и до 1% за полесни повреди од вредноста на вкупниот, повторувам вкупниот годишен приход на претпријатието кое го сторило прекршокот. Ова е една новина и не вообичаена за нашата пракса. Парични казни може да изрече единствено судот. Предвиденото решение е различно од решението во постојниот закон за прекршоци. Но, сметаме дека оваа неусогласеност ќе се надмине со донесување на новиот закон за прекршоци кој е во работна верзија, за што Министерството за економија по писмен пат достави и свој соодветен предлог до Министерството за правда за соодветни измени. Во законот не се предвидува жалба против одлуките на Комисијата. Ова од причини што контрола врз одлуките на Комисијата и заштита на права на странките може да се оствари преку Врховниот суд со тужба за управен спор. За да се овозможи двостепеност во управната постапка потребно е да се формира посебна

комисија од страна на Собранието, а што навистина сметаме дека е несоодветно решение во кое што од прилика практично волонтери би требало да ја контролираат одредена комисија во која што ќе има и професионален состав и од причини што сакаме да ја зголемиме и да ја забрзаме ефикасноста. И, главната работа што ваквото решение се наоѓа и во Европските законодавства. Исто така, со донесувањето на Законот против ограничување на конкуренцијата се исполнуваат условите за усогласеност на националното законодавство со законодавството на ЕУ во областа на конкуренцијата како една од приоритетните области согласно договорот за стабилизација и асоцијација и Законот обезбедува навистина поефикасна заштита од конкуренција чија цел е поттикнување и економска ефикасност и благосостојба и на потрошувачите и на стопанските субјекти во Република Македонија. Од тие причини предлагам денеска да го усвоите Предлогот за донесување на закон против ограничување на конкуренцијата.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Има збор пратеникот Аднан Јашари.

АДНАН ЈАШАРИ:

Благодарам, г-дине пртседател,

Сите знаеме дека едно од основните начела на пазарната економија без сомнение  е начелото на заштита на слободна конкуренција од причина што ова начело гарантира слобода на бизнис, заштита на рамноправната правна позиција на економските субјекти итн. Нормално е во текот на излегување на економските субјекти на пазар да следи и конкуренција меѓу нив. Оваа конкуренција влијае врз развојот на економијата воопшто придонесувајќи за пораст на производството, подобрување на квалитетот на производите, намалување на цените итн. Од оваа причина и од друга страна и од операционализација на уставната норма за обезбедување на рамноправна правна позиција на субјектите на пазарот, барање на регулирање со правни акти, значи прашањето на конкуренцијата со што се усвоени два основни закони, тоа е Законот за ограничување на конкуренцијата и Законот за нелојална конкуренција. Меѓутоа, некои прашања на конкуренцијата кај нас се регулирани и со Законот за трговија, Законот за облигации итн. Во согласност со одредбите од овие закони кои што ги кажав претходно економските субјекти при излегување на пазар за вршење на нивните дејности покрај фактот што се независни, тие треба да се во согласност со нивните интереси, туку и со интересите на општеството воопшто. Во оваа насока се обврзани да се придржуваат на дејствата кои што ја ограничуваат конкуренцијата, како што е нелојална конкуренција

и други. Овие дејства за да можат да се сметаат како такви треба да бидат во спротивност со добрите фер правила на бизнисот и со чесноста и од овие дејства треба да се предизвика, или да може да се предизвика штета на другиот субјект. Сите знаеме дека цел на конкуренцијата е монополизмот што значи елиминирање на конкуренцијата на пазарот. Овие ограничувања можат да бидат правни во случаи кога со некој определен правен акт некој економски субјект се овластува ексклузивно да врши определена дејност и тоа доаѓа до израз во случаите на конкурентскиот субјект. Правото на ограничување на конкуренцијата опфаќа не само определени спогодби со кои што се ограничува конкуренцијата, туку и други дејства со кои што се ограничува слободната конкуренција. Спогодбите поврзани меѓу 2 или повеќе субјекти чија цел е ограничување, или спречување на конкуренцијата преку фиксирање на продажната и куповната цена, значи, спречување на конкуренцијата и снабдување со производи меѓу разните конкурентски субјекти, условување на склучување договори итн. Овие начела во овие договори во согласност со одредбите од Законот се одложливи. Меѓутоа, во некои прилики ваквите спогодби кои што влијаат врз развојот на производот, или на определените производи, или нивно дистрибуирање на материјалните добра може да се сметаат како дозволиви што всушност и претставува исклучок од начелото што го спомнав претходно. Дејствата со кои што се ограничува конкуренцијата доаѓаат до израз во случаите кога еден определен субјект има доминантна позиција на пазарот, што значи нема конкурент на пазарот, или во споредба со другите конкуренти има подобра позиција било преку позициите кои што тој ги има на пазарот, или врските со другите субјекти. Доминантната позиција која што ја има еден определен субјект на пазарот може исто така да дојде до израз и во случаите кога во еден определен пазар постојат два, или повеќе субјекти, меѓутоа меѓу овие два, или повеќе субјекти кои што вршат скоро слична дејност нема реална конкуренција. Субјектот кој што има доминантна позиција преку неговите дејства, може да ја злоупотреби оваа позиција. Злоупотребата постои во случаите кога два субјекти прават реален пораст на цените, ограничуваат производство на определени производи, поставуваат разни услови за исти, или слични работи итн. Од тоа што е предвидено во предложениот текст, јас ќе се обидам да направам некои забелешки за кои што мислам дека се реални.

Прво, во членот 3 од текстот алинеја 2, мислам дека треба да се изјаснат, разјаснат некои прашања. Ова го велам од едноставен факт што од тоа што е понудено во текстот навистина мене не ми е јасно кој е правниот субјект. Се зборува

за поимот претпријатие, за здружување на претпријатија и врски во претпријатија, додека сите овие поими во правната терминологија на нашиот правен систем не се спомнуваат никаде. Факт е, сите знаеме дека претпријатијата сега веќе не се правни субјекти и не можат да бидат носители на таквите права, иако во членот 5 се дава дефиниција за претпријатија. Сепак, пак ќе повторам дека како поим претпријатие веќе не се употребува во терминологијата би рекол не само на нашиот правен систем, туку општо во правниот систем на државите во транзиција во кои што се аплицира пазарната економија. Така се случува и во членот 5 од текстот каде исто така се зборува за претпријатија, за здружување на претпријатија, спојување на претпријатие итн. Јас овие забелешки ги дадов и на комисијата за економски прашања каде што беше директорот на монополската управа кој што за нешто и се согласи.

Понатаму, исто така имам забелешка во членот 13 каде се говори за здружување на субјекти или претпријатија како што се вели. Членот 13 говори за обврската, за информирање во текот на  здружувањето, додека дефиницијата на соединување на субјектите се дава во членот 15.

Јас мислам дека во оваа прилика прво во членот 13 треба да се направи тоа што е предвидено во членот 15 што говори за дефиницијата на спојувањето и да премине во членот 13 и  кога сум кај членот 15, кај дефиницијата на спојувањето, уште еднаш и овде барам да во следната фаза се дадат одредени објаснувања бидејќи во начело ние спојувањето го дефинираме како статус на посебност преку која што се менува статусот или правната позиција на субјектот, и субјектите кои што се спојуваат го губат нивниот статус или нивната правна позиција. Значи, тие во текот на спојување веќе не можат да вршат дејност, независна правна дејност, биејќи со текот на спојувањето тие ја губат формата или нивната правна форма.

Уште еднаш ќе повторам дека дефиницијата на спојувањето е добро да се даде во членот 13, затоа што над се се даваат податоци, затоа што е спојувањето, обединувањето и тоа треба да помине во членот 15. И еве уште една забелешка исто така правна, во врска со право на жалба за кои што и даде објаснување министерот и мислам дека може би во членот 36 тоа е предвидено и може би во втората фаза ќе има можност да се изнајде едно решение по повод ова прашање.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам г-дине Јашари.

Збор има пратеникот Слободан Најдовски.

Повелете.

СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:

Господине претседателе, почитувани пратеници и претставници на Владата,

Ние на Комисијата за економски прашања го разгледувавме овој закон и загатнавме неколку работи и она што го напомени г-динот Јашари, би сакал во оваа прилика само неколку зборови да како дилема или како отворено прашање да го поставиме во врска со овој закон.

Прво на почетокот сакам да кажам дека во целост го поддржувам донесувањето на овој закон бидејќи се покажа дека во Република Македонија е неопходен овој закон, најсвеж пример ни е примерот со Телеком каде што една нерегулирана област се случува ваква како што се случува на штета на сите потрошувачи. Овој закон е посебно неопходен за држава како што е нашата држава со мал пазар каде што и со мали финансиски средства одредени стопански субјекти во било која област можат да се јават и да имаат монополистичка положба на нашиот пазар. Така да ќе повторам уште еднаш во целост го поддржувам донесувањето на законот но, во оваа прилика би сакал да еве како дилема или како едно размислување на прашање кое што синојќа ни се наметна после донесувањето на овој закон а тоа е прашањето на функционирањето на јавните претпријатија формирани од било од страна на државата било од страна на единиците на локалната самоуправа.

Според решенијата кои што се предложени во овој закон и кои што се сосема исправни ние ќе дојдеме во судир да јавните претпријатија кои што се формирани од државата или од единиците на локалната самоуправа за обавување на одредена дејност било услужна дејност или било каков вид на дејност во своето работење ќе мора да излезат на пазарот, ќе мора да се соочат со конкуренцијата. Од друга страна тоа ќе го бара и донесениот закон за јавни набавки. Наспроти тоа ги имаме единиците на локалната самоуправа, или државата која што формирала одредено јавно претпријатие заради задоволување на одредени потреби на граѓаните. Сметам дека напоредно со овој закон ќе мора таа област да се разработи, дали ќе се размислува за приватизација на јавните претпријатија или на некои измени кои што би донеле во начинот на организирање и пристапување или дефинирање за кои дејности точно ќе можат да ги обавуваат, бидејќи онака како што се поставени јавните пртпријатија работат во зависност од раководителот, или директорот, или како сакате да кажеме во тој момент и како тој ќе се однесува, така ќе биде и успешноста на тоа претпријатие. Што не гарантира дека веднаш после еден успешен

менаџер или директор на тие претпријатија може да дојде некој кој што за една година, или двеј години може да ги упропасти тие претпријатија. И затоа сметам дека напоредно со овој закон до кога ќе биде втората фаза мораме да го разработиме начинот на функционирањето на јавните претпријатија бидејќи ќе се најдат на удар на овој закон. И сметам дека ќе имаат мнгоу лоши последици по тие јавни претпријатија. Затоа треба да дефинираме, или ќе ги приватизираме или ќе дефинираме како можат да се снаоѓаат согалсно овој закон, согласно Законто за јавните набавки.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Има збор пратеникот Зоран Заев.

ЗОРАН ЗАЕВ:

Почитуван пртетседателе, колеги пратеници, почитувани претставници на Владата,

Јас нема да се задржам долго на овој закон, заради тоа што не сакам да се повторувам со колегите пратеници кои што се исто како мене членови на Комисијата за економски прашања на која што го разгледувавме овој предлог за донесување на законот.

ЗОРАН ЗАЕВ:

Би сакал само накратко да кажам зошто јас и пратеничката група на СДС ќе го поддржиме предлогот за донесување на овој закон и тоа пред се поради самиот начин на кој што е обработен законот, овој закон односно самото усогласување на оваа област со директивите и регулативите на Европската Унија од оваа сфера. Законот, како што рекоа колегите, опфаќа повеќе полиња и тоа пред се во сферата на ограничување на конкуренцијата и тоа во случаевите на склучување на одредени договори и одлуки во кои што се загрозува конкуренцијата, во случај на доминантна позиција на поедини фирми и во случај на спојување.

Го регулира прашањето на еден нов начин со формирање на комисија, наместо досегашната монополска управа и детално ги опишува постапките пред самата комисија.

Би сакал само накратко овде да се навратам на спорноста на член 36, каде беше спорно и на самата комисија, затоа што самиот закон не предвидува жалба од втор степен против одлуката на самата комисија. Образложението за ова е дека, сепак, оваа комисија ќе биде формирана од стручни луѓе, кои се меѓу најстручните кадри во нашата држава во оваа област. Би било нелогично во овој случај да се

формира Второстепена комисија и кои би биле тогаш тие постручни од првата комисија односно наведената комисија во законот. Но, сепак, законот предвидува да се поведат во овие случаи управни спорови пред судот. Мислам дека треба да се најде едно решение помеѓу самиот предлог на закон и ова што беше спорно при дискусиите за овој член, сепак, да не се скрати ова демократско право на граѓаните на второстепена жалбена постапка по одлуките на оваа комисија.

Мислам дека, сепак, правниците од оваа сфера можат да измислат некое решение помеѓу овие два случаи.

Исто така, спорно беше дека овој закон е нов закон, а досега постоеше законот од 1999 година, кој што влезе во примена во 2000-та година и со измените во 2002 година беше дискутирано од одредени членови на комисијата и од јавноста дека немаме доволно аргументи за носење на еден нов закон. Мислам дека се работи за една доста флексибилна сфера, пред се, во западните поразвиени економии е доста застапена односно имаме случаи каде приватниот капитал во борбата за профит и идејата како повеќе да се заработи, секогаш ги наоѓаат овие дупки во законите, кои пред се, ја загрозуваат конкуренцијата со нивните постапки. Мислам дека е логично да очекуваме и во иднина нови закони, со нови измени, кои Владата односно Министерството за економија треба секогаш да ги изнајде овие модуси или начини како да ја заштити односно како да се бори против ограничувањето на конкуренцијата.

Самата потреба од носење на овој закон е ова што последно го дискутирав, односно се работи за една флексибилна сфера, за една сфера во која што секогаш приватната иницијатива ќе ги најде овие дупки, така да кажам, во законот и од овде произлегува потребата за донесување на овој закон. Значи, ова е конкретно мојата забелешка во случај на жалба против одлуките на комисијата и сметам дека само треба да се размисли за некое подруго решение, како што е предвидено во законот. Инаку, целосно се согласувам со Предлогот за донесување на закон. Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам господине Заев.

Повелете господине Зоран Томиќ, имате збор.

ЗОРАН ТОМИЌ:

Благодарам господине претседателе, почитувани пратеници, почитуван министре,

Сосема накусо ќе се осврнам на дел од забелешките, кои главно, ги изнесов на ЗПК и ќе бидам многу конкретен. Лично сметам дека во членот 12, каде што се зборува за решението за злоупотреба од доминантна позиција, треба да се додаде покрај точка 4, во ставот 1 да се додаде нова точка 5 која би гласела, комисијата во случаите од членовите 10 и 11 во овој закон со решение, предлага до надлежниот орган и забрана за вршење на дејност или професија, она што е всушност содржано во член 44 став 2 на овој закон, како мерка на безбедност. Тоа е едната забелешка.

Она што посериозно ме доведува, искрен да бидам, во една ситуација на размислување се однесува на членот 21. Имено, околу комисијата за заштита на конкуренцијата, каде во ставот 1 е кажано дека “комисијата е самостоен државен орган со својство на правно лице”. Лично мислам дека оваа одредба треба добро да се преиспита. Сега, ако е тоа одредба на Владата или став на Владата или на Министерството дека ќе се оди со својство на правно лице, тоа повлекува едни сосема други консеквенци. Меѓутоа, ако е тоа хармонизирање на она што го кажа и министерот со европското законодавство, дава една сосема тежина. Од тука, од овој член, од овој став произлегуваат и други одредби кои би можеле понатаму да се вградат ако произлегуваат токму од она што предлагачот го предлага, а тоа е комисијата да биде самостоен државен орган со својство на правно лице.

Сега, кај мене постои лична дилема и во членот 24, а тоа е во тесна врска со членот 49, став 2 дека “вработените во стручна служба имаат статус на државни службеници”. На втора страна, мислам дека истиот став на овој член 49 во директна спротивност на членот 49, каде што се предвидува важноста на законот во однос на вработените, а тоа е дека комисијата за заштита на конкуренцијата ги превзема вработените во монополската управа, согласно актот за организација и систематизација на стручната служба. Се поставува директно прашање, дали сите вработени по автоматизам стануваат државни службеници или пак она согласно постапката како се станува државен службеник ќе се поведе и постапка спрема одредените вработени или на кој начин, тоа значи по автоматизам преземање  или државни службеници. Една, навистина и правна и практична дилема, посебно во однос на сегашните вработени во оваа монополска управа.

Конечно, мислам дека треба да се корегира, а тоа го кажа и добро го појасни министерот дека предвидените казни, лично сметам, дека не се во согласност со постојниот Закон за прекршоци. Министерот појасни дека сега е во подготовка еден нов акт, нов закон за прекршоци, каде што претпоставувам предлагачот водел

сметка дека овие одредби, кои мислам дека ќе дојдат пред донесувањето на новиот закон за прекршоци, ќе бидат идентични со оние како не би имале двојство при одмерувањето или изрекувањето на одредената казна. Исто така, држи забелешката, лично сметам, а го зборувам од правен аспект, дека сепак мора да има една второстепена тужба до Врховниот суд, не е второстепеност, напротв, тоа веќе се навлегува во една судска управна постапка, каде што е надлежен Врховниот суд на Република Македонија. Лично мислам дека држи, бидејќи добро е што ова оди во две фази, за сите овие забелешки да се изврши една стручна консултација и да се најдат најсоодветни решенија. Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам господине ТомиЌ.

Повелете господине Шапуриќ, имате збор.

ЗОРАН ШАПУРИЌ:

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, почитуван министре,

Јас ќе бидам сосема краток, бидејќи не сакам да ги повторувам моите колеги Најдовски и Томиќ, министерот и други кои укажаа на потребата за донесување на овој закон. Инаку, основните решенија во овој закон јас ги поддржувам. Меѓутоа, сакам само во неколку реченици да кажам, тоа што го кажа и претходниот дискутант односно да појаснам, сметам дека казните предвидени во овој закон не се во согласност со Законот за прекршоци и другите казни, каде што е одреден максималниот лимит на казни. Тоа е од еден аспект.

Јас, исто така, го разбирам она што го кажа министерот дека светските и европски искуства во поглед на казните укажуваат на тоа, меѓутоа, овој закон мора да биде усогласен со другите закони, кои ги изрекуваат овие санкции, а пред се, не само со Законот за прекршоците од една страна, од втора страна исто така би сакал да кажам дека, сепак и фактичката и реална состојба да се подразмисли, јас се согласувам дека казните треба да бидат остри, но 1/10 или не знам колку тука се предвидуваат во вредноста од имотот, сепак, можеби се преостри. Евентуално би можело одредена градација, доколку се повтори во тек на неколку пати прекршокот.

Само на крајот би кажал и ова што го кажа колегата дека мора да се обезбеди второстепеноста на постапката на одлучувањето. Инаку, со цел да не одземам многу време, бидејќи претходнит еколеги кажаа, основните решенија во законот се добри, со исклучок на овие и сметам дека овој закон, кој што го разгледуваше и матичната

комисија, но и Комисијата са европски прашања е еден чекор кон усогласувањето на нашето законодавство кон законодавството на Европската Унија. Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам господине Шапуриќ.

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Ги молам пратениците да влезат во салата.

Службите нека го утврдат бројот на пратениците во салата.

Ги замолувам пратениците ако се во Клубот, во канцелариите или во ходниците да влезат во салата, треба да пристапиме кон гласање.

Почитувани пратеници, бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

1. Собранието на Република Македонија го усвојува предлогот за донесување на закон против ограничувањата на конкуренцијата.

2. Владата на Република Македонија ќе изготви и на Собранието ќе му достави предлог на закон против ограничувањата на конкуренцијата, при што е ги има предвид забелешките, мислењата и предлозите содржани во извештаите на работните тела и од расправата на седницата на Собранието на Република Македонија.

3. Овој заклучок, заедно со извештаите на работните тела, како и стенографските белешки од расправата на седницата на Собранието на Република Македонија да се достави до Владата на Република Македонија и Министерството за економија.

Предложениот заклучок го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале вкупно 56 пратеници, за гласале 56 пратеници, против нема и воздржани нема.

Службите нека го утврдат бројот, затоа што доста влегоа и доста излегоа од пратениците, не можеме да ја водиме евиденцијата од тука прецизно.

Во салата сега се присутни 62 пратеници.

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот заклучок.

Минуваме на точка **19 - Предлог за донесување на закон за овластување на организација за изработување на пригодни ковани пари по повод 60 години од Првото заседание на АСНОМ, со Предлог на закон.**

Предлогот за донесување на законот со Предлог на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот и на Собранието му предагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува предлогот за донесување на закон за овластување на организација за изработување на пригодни ковани пари по повод 60 години од Првото заседание на АСНОМ.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале вкупно 58 пратеници, за гласале 58 пратеници, против нема и воздржани нема.

Во салата се присутни 62 пратеници.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 58 пратеници, 58 пратеници гласале за, против нема, воздржани нема.

Во салата и понатаму се присутни 62 пратеници.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

ЗПК поднесе амандман на член 2.

Отворам претрес по амандманот на член 2, поднесен од ЗПК.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменикот министер за финансии.

ДИМКО КОКАРОВСКИ:

Се прифаќа амандманот.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот е прифатен и станува составен дел од текстот на законот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 57 пратеници, 56 пратеници гласале за, 1 пратеник гласал воздржано, против нема.

Во салата се присутни 64 пратеници.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ме известија дека министерот за труд и социјална политика има ангажман, заменикот е на пат, значи од претставниците во моментов немаме присутни, затоа 20-тата точка ќе ја одложиме. (Реакција на некои од пратениците во салата). Не, не ќе дојдат подцна. Заменикот е на пат службено, а министерот ќе дојде подоцна, ми се јави пред малку.

**Минуваме на точка 21 - Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за амнестија на граѓаните на Република Македонија кои не ја извршиле воената обврска, со Предлог на закон.**

Предлагачи се пратениците Талат Џафери, Г'зим Острени, Исмет Рамадани, Никола Апостоловски, Наташа Биковска и Благој Голомеов.

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот и дописот на Законодавно-правната комисија Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор?

Повелете г. Апостоловски имате збор.

НИКОЛА АПОСТОЛОВСКИ:

Почитуван претседателе, почитувани колеги, како еден од предлагачите на Предлогот за донесување на закон за изменување на Законот за амнестија на граѓаните на Република Македонија кои не ја извршиле воената обврска сакам да укажам на причините и потребата од донесување на овој закон.

Основна причина за донесување на овој закон е негово усогласување со одредбите на член 66 од Законот за одбрана кој служењето на воен рок односно преведувањето во резервен состав го определува во временски термин во кој регрутот полни 27 односно 30 години живот, а тоа најдоцна до крајот на календарската година.

Во постоечкиот закон за амнестија на граѓаните на Република Македонија кои не ја извршиле воената обврска временскиот термин е одреден со денот на влегување во сила на Законот односно регрутот да бил на возраст од 27 до 30 години.

Со Предлогот за донесување на Законот за изменување на Законот за амнестија на граѓаните на Република Македонија кои не ја извршиле воената обврска се овозможува да се опфатат сите лица кои до крајот на календарската година биле на возраст од 27 до 30 години, не само оние лица кои на денот на влегување во сила на Законот за амнестија на граѓаните на Република Македонија биле на истата возраст.

Од причини што не е во прашање на сложен ниту обемен закон, предлагачите кон Предлогот за донесување на закон го поднесуваме и Предлогот на закон на Собранието му предлагаме да го усвои.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Дали некој друг бара збор?

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Ги молам пратениците да влезат во салата. Ги молам пратениците да влезат во салата. Ги молам пратениците да влезат во салата, а службите нека го утврдат бројот на присутни пратеници во салата.

Во салата има присутни 55 пратеници, ќе можеме да обезбедиме уште 6 пратеници, ќе причекаме 5 минути.

На Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување на Законот за амнестија на граѓаните на Република Македонија кои не ја извршиле воената обврска.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 61 пратеник, 59 пратеници гласале за, 1 воздржан и 1 против.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува Предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 60 пратеници, 59 пратеници гласале за, нема воздржани и 1 против.

Во салата се присутни 62 пратеници.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и предлогот на законот

Отворам  претрес по текстот на Предлогот на законот.

Ве молам, дали некој бара збор?

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по текстот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

За предлогот на законот гласаа 59 пратеници, 57 пратеници гласаа за, 1 воздржан и 1 против.

Во салата се присутни 64 пратеници.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот.

**Минуваме на 22 точка - Предлог за донесување на закон за вршење на психолошка дејност.**

Предлагачи пратениците: Ана Андова, Јордан Михајловски, Коста Прешоски, Киро Дојчиновски и Нелко Стојановски.

Предлогот за донесување на законот и дописот на Законодавно-правната комисија Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор?

Повелете госпоѓа Андова, имате збор.

АНА АНДОВА:

Благодарам господине претседателе, колеги и колешки пратеници,

Дозволете ми во неколку црти да го образложам мојот односно нашиот Предлго за донесување на закон за вршење на психолошка дејност. Колегите кои ми се придружија во предлагањето за донесување на овој закон, исто така се надевам дека некој од нив ќе се обрати по повод овој закон.

Согласно Деловникот за работа на Собранието, законо може да предлага Владата, пратеници и 10 илјади граѓани преку овластен предлагач. И, јас како пратеник, ја користам таа деловничка можност да предложам да уредиме и правно регулираме дејност која досега не била уредена со закон. И, во тој контекст, дозволете малку да се пошегувам, јас знам дека во досегашните состојби на Парламентот немало психолог, не можам да предвидам дали и понатаму ќе има, знам дека Владата кога тогаш, кога ќе дојде на дневен ред, ќе предложи ваков закон, ама не можам да го предвидам тајмингот и сосема логично произлегува моето чувство на обврска спрема професијата, а особено фактот што тоа се вклопува во модерните и современите тенденции во кои и програмски и декларативно сите се сложуваме дека треба да се вклучиме.

Како што е наведено во причините поради кои предлагам да се донесе овој закон, истиот го предлагам заради тоа што оваа дејност на систематичен и конзистентен начин воопшто досега не била правно регулирана кај нас. И, правната рамка која се нуди во овој Предлог за донесување на закон ќе го артикулира варшењето на психолошката дејност, ќе ги уреди основните релации и системот на одговорности во целокупноста на дејноста која е многу широка, медицинска психологија, индустрија, образование, хумани ресурси, менаџмент, маркеитнг, спорт итн.

Дозволете да истакнам дека регулирањето на оваа материја со закон имплицитно произлегува од правото на граѓаните да ги добиваат сите видови на услугите што се нудат на пазарот на услуги, а кои се разбира, произлегуваат од нивните потреби, а потребите се неспорни. Исто така, од друга страна правото на експертизата на знаењето на техниките и вештините кои се здобиени во процесот на образованието да се применуваат на начин уреден со закон.

Ова, исто така, дозволете да го поткрепам, и со фактот што експлицитно произлегува од Уствот на Република Македонија делот кој ги дава начелата за уредување на економските, социјалните и културните права, а исто така и од начелата за економските односи.

Досега одредени решенија за занимањата од хуманитарната сфера се понудени во Законот за социјална заштита и Законот за заштита на правата на децата кои неодамна пролетта ги усвоивме, ги донесовме и јас го поздравувам тој претпознатлив реформски правец во предлагањето на законска регулатива од страна на Министерството за труд и социјална политика, меѓутоа овие два закони парцијално покриваат дел од севкупноста на стручните постапки, мерки и средства

што се заснивaат на начелата на психолошката пракса и психолошката наука.
И, така, во овој контекст кога тогаш ќе се постави прашањето на оправданоста на средствата кој државата ги троши за образување на одреден профил на кадри веќе 30 години.

Дозволете, патем да кажам, дека Институтот за психологија ќе прославува 30 годишнина од основањето. Јас тоа време бев првата генерација на психолози, еве, дозволете уште еднаш, една лична нота, и шеговит тон, се запишав на тие студии токму од причините поради кои сега го предлагам Законот. Меѓутоа, на таа возраст, во таа констелација на односи тогашното летање во облаците, логично и оправдано е сега на оваа возраст да сакам да атерирам на прописен начин уреден со закон.

Психолошката дејност и сложена и чувствителна и подразбира висок степен на компетенција и точно дефинирана одговорност, а тоа наложува односно нужно подразбира цврста организирана структура и воспоставување на јасна и децидна регулатива во форма на комора со сите неопходни подзаконски акти, врз база на соодветно лиценцирано вршење на дејноста.

И, околу ова, почитувани колеги, го очекувам вашиот коментар и во понатамошните фази очекувам ваше учество со ваши сугестии, предлози, забелешки, амандмани слично.

Поврзано со ова нормативното уредување ќе овозможи доктринарно усогласување во оваа област, усогласување на критериумите за видот и формите на едукација и потребното академско ниво за да се врши одредена работа. На пример моја област е психологија во индустрија и тоа хумани ресурси. Јас не можам и особено сакам да потенцирам, не смеам да се бавам со психо терапија иако имам одредени елементарни предзнаења. И, токму поради тоа што понекогаш се случува да се злоупотребува ова почитувани колеги, сакам да истакнам особено една од причините поради кои го предлагам донесувањето на овој закон, потребата од професионална и етичка заштита од експанзија на злоупотреби во оваа дејност со соодветни и стручни профили, со невалидни квази или инстант дипломи и разно разни сертификати од краткотрајни обуки, тренинзи и курсеви.

Не сакам да ги коментирам можните последици по интегритетот на личноста на одредени корисници на услуги од психолошката дејност.

Почитувани колеги,

Дозволете да кажам дека во европски рамки е одамна етаблирана и нормативно регулирана оваа област и тоа на ниво, за нас, премногу комплицирано. Ќе наведам два примери кои ги консултирав.

Во однос на струковото здружување, на пример, во италијанскиот Закон, за нас е премногу комплицирано или во холандскиот Закон на пример, заради тоа што имаат конзистентна проценка на општествените потреби, преку овој Закон ја користат можноста да влијаат на неприлагоденото однесување на поединците, се разбира, во согласност со нивните развојни стратегии, мерки, програми итн., за севкупниот развој на нивното општество. Во нашето соседство, во регионот, поблиску и подалечно, исто така, оваа дејност е правно регулирана. Во Србија Законот е донесен 1997 година, меѓутоа, тој е многу краток од неколку члена и главно ја дефинира дејноста. Во Хрватска ваков Закон е донесен во 2003 година, во Словенија беше во процедура кога јас почнав да работам на оваа иницијатива, така што мојот предлог е многу близу на овие два закони и мојот предлог нуди применливи, практични, прецизни решенија, точно ја дефинира дејноста и нуди јасна регулатива.

Колеги пратеници, уште еднаш дозволете да истакнам дека причините поради кои го предлагам овој Закон се исклучиво професионални и иницирани и засновани на потребата за професионално нормативна регулатива. Исто така, овој предлог Закон се вклопува во генералниот концепт на приватната иницијатива на претприемништво и ја концептуализира и артикулира во конкретни одредби. Понатаму, тој е компактибилен со проактивните мерки за креирање амбиент за поттикнување на различни форми на самовработување, мерки акцентирани во макроекономската политика на Владата на Република Македонија за 2004 година и во овој контекст особено сакам да ги сместам хуманитарните занимања и струки. Еве, ние како законодавци, како пратеници да се обидеме да направиме еден квалитетен пресврт во општиот став, или ако сакате стереотип, предрасуда итн., дека државата треба да нуди решенија за кадрите од хуманитарната сфера, во став дека државата треба да нуди правна рамка, а експертизата, знаењето и умеењето да си го наоѓа своето место во релацијата меѓу понудата и побарувачката на пазарот.

Особено заради ова, почитувани колеги и колешки пратеници, јас сум убедена дека вие ќе ми се придружите во констатирањето на потребата од донесување на ваков Закон, а од Ваша страна и од страна на ресорното Министерство за труд и

социјална политика квалитетни предлози за подоборување на текстот на Законот во наредната фаза.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Има збор пратеникот Коста Прешоски.

КОСТА ПРЕШОСКИ:

Почитуван претседателе, колеги пратеници,

Со посебно внимание го разгледав Предлогот за донесување на Закон за вршење на психолошка дејност, чиј автор односно предлагач е почитуваната пратеничка Ана Андова. Да напоменам дека предлагачот на овој законски проект е добро упатена во сферата што треба законски да се регулира и таа и пријде на оваа проблематика со сета нејзина стручност, сериозност и потребното внимание.

Инаку, во целина се согласувам со причините поради кои треба да се донесе Законот, потребата од неговото донесување и целта што ќе се постигне со неговото усвојување и примена.

На почетокот на моето излагање ќе се задржам на причините за донесување на овој Закон. Станува збор за област која досега не беше правно регулирана. Хаосот што го имавме во вршењето на психолошката дејност, со овој Закон се става во правна рамка и притоа предлагачот максимално се потрудил да биде компатибилна со европската регулатива, водејќи сметак сето тоа да биде во согласност и со психолошката наука и пракса. Понатаму, посебен акцент е даден на одговорноста и комептенцијата во вршењето на психолошката дејност од страна на лицата што се занимаваат со таа дејност и притоа со Законот се предлага тоа да се регулира со издавање лиценци. Исто така, се воспоставува ред и усогласување на критериумите за видот и формата на едукација и потребното образовно ниво за вршење на оваа дејност. Посебен осврт во Законот е даден и на злоупотребата во оваа дејност од страна на несоодветни стручни профили, односно вршење на психолошка дејност на лица со несоодветно образование. Законот и на овој план дава соодветна заштита како на професионален така и на етички план.

На крајот, кога се набројуваат причините, овој Закон навистина создава амбиент и ја оправдува приватната иницијатива при вршење на психолошки дејност. Ќе се задржам накратко и на содржината на Законот за вршење психолошка дејност.

Решенијата и предлозите што се нудат во овој Закон за вршење на психолошката дејност се прецизни, практични, применливи итн., но мислам дека ќе

беше добро во оваа фаза сега да имавме мислење и од Владата за овој Закон, да имавме извештај, односно да беше разгледан од матичната комисија, а посебно од Законодавно правната комисија.

Овој Закон е даден во девет дела со вкупно 51 член. Во првиот дел е дефинирана психолошката дејност и притоа за членот 2 е дадена алтернатива. По мое мислење, алтернативата со која се дефинира психолошката дејност нуди една поширока, поотворена рамка за исполнување на целите кои треба да се постигнат. Затоа преферирам да се прифати алтернативата на членот 2.

Во вториот дел се дефинираат условите за вршењето на психолошката дејност, со посебен осврт на тоа дека психлошката дејност може да ја вршат лица психолози со основна или посебна дозвола. Сепак, би сугерирал до предлагачот составен дел на членот 4 да биде и дадената алтернатива која третира дозвола за специјалистичка психолошка дејност.

Третиот дел го регулира вршењето на психолошката дејност, со акцент на условите, посебно во вршењето на приватната пракса. Преку одредбите на членовите, во овој дел од Законот се регулира обврската на лицата што обавуваат психолошка дејност за негово задолжително придржување кон кодексот на етиката.

Почитувани пратеници, имам дилема дали со овој Закон треба да се дефинира Комората на психолозите како самостојна струкова и независна организација со својство на правно лице, со свој статут и притоа тука да се регулираат нејзините надлежности.

За овој дел од Законот предлагам алтернатива, точка 4, Комора на психолозите на Македонија, да отпадне. Треба да се види дали во слични закони во нашето законодавство, со кои се регулира одредена дејност се регулира на ваков начин и нивната комора. На пример, дали во Законот со кој се утврдува здравствената дејност на ваков начин како што е предвидено се регулираат и надлежностите на Лекарската комора итн.

За делот ВИ, Дисциплинска одговорност на психолозите и психолошките приправници, предлагам во сите одредби од оваа целина дисциплинската одговорност да се однесува само на психологот, а не и за психологот приправник. Тоа го предлагам од причини и со Законот за работни односи и со овој Закон дел 5, и со актите на Комората која ќе се оформи, ќе биде регулиран приправничкиот стаж и активностите на психологот-приправник.

Почитувани пратеници, во принцип секогаш сум за поддршка на законски проекти чии предлагачи се пратеници, како што е во овој случај и со овој Закон. Тоа

го потврдува и фактот што дополнително како предлагачи на овој Закон се приклучија и други пратеници.

На крајот, добро е што овој Закон ќе оди во повеќе фази, за да се остави временски период струката, односно научната јавност од оваа област квалитативно да влијае на подобрување на текстот на предложениот Закон.

Од тие причини, ќе го поддржам донесувањето на овој Закон и ве повикувам и вие да го поддржите овој законски проект.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам г-дине Прешоски.

Дали некој друг бара збор? (никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот.

Ги молам пратениците да влезат во собраниската сала, а службите да го утврдат бројот на присутните пратеници во салата.

Во салата се присутни 62 пратеника.

На Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

1. Собранието го усвојува Предлогот за донесување на Закон за вршење психолошка дејност.

2. Предлагачите на Законот, пратениците Ана Андова, Јордан Михајловски, Коста Прешоски, Киро Дојчиновски, Нелко Стојановски и Каме Петров ќе изготват и на Собранието ќе му достава предлог на Закон за вршење на психолошка дејност, при што ќе ги имаат предвид забелешките, мислењата и предлозите од расправата на седницата на Собранието на Република Македонија.

3. Овој Заклучок, заедно со стенографските белешки од расправата на седницата на Собранието на Република Македонија да се доставaт до предлагачите на Законот, пратениците Ана Андова, Јордан Михајловски, Коста Прешоски, Киро Дојчиновски, Нелко Стојановски и Каме Петров.

Предложениот Заклучок го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 59 пратеници, 59 пратеници гласале за, нема воздржани, нема против, а во Салата се присутни 63 пратеници.

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот Заклучок.

**Преминуваме на Дваесетитретата точка:**

**Извештај за работата на ЈП Македонска Радио Телевизија за периодот мај 2003 - мај 2004 година.**

Извештајот на ЈП Македонска Радио Телевизија и Извештајот на Комисијата за транспорт, врски и екологија ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор?

Има збор генералниот директор на ЈП Македонска Радио Телевизија.

ГОРДАНА СТОШИЌ:

Почитуван господине претседател на Собранието, дами и господа пратеници,

Пред вас се наоѓа по точно една година и некој ден уште еден Извештај за работата на ЈП Македонска Радио Телевизија, кој за жал потврдува дека ова Јавно претпријатие чиј основач е Собранието на Република Македонија сеуште се наоѓа во длабока, би рекла финансиска, кадровска и исклучително длабока техничко-технолошка криза.

Со задоволство можам да кажам дека овој пат Извештајот говори и за сериозни напори, што се должат пред се на внатрешниот капацитет на ЈП Македонска Радио Телевизија, што се вложени во изминатата година за надминување на кризата барем до одреден степен и пред се би сакала пред вас да истакнам дека Македонската Радио Телевизија може со задоволство да соопшти дека целосно се остварени задачите што основачот, односно Собранието на Република Македонија ги постави пред Македонската Радио Телевизија минатата година, со заклучоците што следеа по расправата за Извештајот за работата во изминатиот период.

Би сакала ова да го поткрепам со неколку бројки. Во Македонската Радио Телевизија, во овој извештаен период има 200 помалку вработени лица, има повеќе од 50% помалку ангажирани лица како постојани хонорарци и тоа барање и ангажирање на внатрешниот капацитет, значи од една страна да постои јасен тренд и енергични мерки за справување со превработеноста и со трошењето пари на тој начин, а од друга страна, таквото справување со превработеност и намалување на хонорарно ангажираните лица да не значи загрозување на основната дејност на Македонската Радио Телевизија, односно за создавањето радио и телевизиска програма, даде некакви финансиски ефекти. Би сакала да кажам дека споредбата мај 2003 - мај 2004 година значи околу 14% помалку средства што се издвојуваат за цената на трудот. Таквите средства беа вложени за подмирување на некои од долговите со кои Куќата се соочуваше и како успех сакам да истакнам два елементи.

Првиот елемент е дека речиси 98% од долговите што ги имавме по основ на откуп на авторски права за емитување програма се целосно затворени. До крајот на оваа година од старите долгови, од кои многу потекнуваат уште пред периодот односно некои пред периодот од 1997 година, останува да затвориме уште 13 милиони кон една дистрибуциона куќа која се занимава со дистрибуција на филмови во Македонија, некаде околу 200 илјади евра долг кон ЕБУ каде што сме членка и се разбира да ги сервисираме тековните трошоци што ги имаме за емитување програма.

Исто така, успеано е да се справиме со нешто над една третина од долгот кон хонорарно ангажираните лица. Вие знаете, за тоа известивме минатата година, тој долг потекнува главно од неисплатени хонорари во 2001 и 2002 година. Тоа би било накусо за справувањето со некои од елементите на финансиската криза, иако сите мораме да се соочиме со фактот, а пред се вие како основач дека таа само ќе се продлабочува и од неа тешко ќе биде да се излезе доколку цената на чинење на задоволството да го имаме јавниот сервис Македонска Радио Телевизија, таков каков што го сакаме, а тоа е да биде на ниво на европските јавни радио дифузни сервиси, мора дефинитивно да биде усогласено со цената на чинењето. Што значи тоа? Финансиските проблеми на Македонската Радио Телевизија и годинава, како и порано, се должат пред се на нискиот степен на собирањето на радио дифузната такса поради познатите причини, колебањата околу наводната демократија или не на прибирањето на надоместокот за радио дифузната такса и слично, ефектите од Амандманот на Законот за радиодифузија, кој се однесуваше на радиодифузната такса, почнуваат да се чувствуваат дури во последниве два месеци. Со задоволство можам да кажам дека по мерките преземени од Владата и толкувањата од надлежните министерства од мај оваа година, веќе имаме резултат, значи можеме да кажеме дека се покачил процентот на собрана радио дифузна такса, јас би рекла на рекордни 57%, бидејќи тоа е најмногу од овој период кога првите два-три месеца во годината кога е донесен Законот за радиодифузија, а тоа е 1997 година, кога процентот стигнал некаде до 73% наплата, сите други години се движел меѓу 45% и 50%. Сега тоа е 57% и очекувам дека тој процент ќе се зголемува што ќе придонесе за стабилно финансирање не само за Македонската Радио Телевизија, иако денес разговараме за ова јавно претпријатие и неговата состојба, туку и за сите оние кои се финансираат од радиодифузната такса, а тие не се малку.

Посебен проблем претставува фактот на неприлагоденоста на висината на делот од радиодифузната такса кој е одреден за финансирање на функцијата на

Македонската Радио Телевизија, заради тоа што таа тогаш кога е димензионирана е димензионирана за работење на два канала на Македонското Радио и два канала на Македонската Радио Телевизија. Во меѓувреме од 2000-та година Макеоднската Радио Телевизија создава програма на три канали на радиото, три канали на Телевизијата и сите заедно треба да се потсетиме дека трошоците не се само автоматски пресметани како една третина, туку тие се многу поголеми бидејќи спецификата на третите канали на Радиото и на Телевизијата е во тоа што тие треба да создаваат програма од јавен интерес така како што е тоа дефинирано со Законот за радиодифузија и со Законот за Македонската Радио Телевизија на јазиците на етничките заедници. Значи, ние немаме проста операција на превод на програма од македонски на албански, турски, ромски, влашки, босански и српски, туку имаме создавање на оригинална програма, односно нови шест мини радија, нови шест мини телевизии.

Таквата дејност и таквата функција мора да биде сервисирана и следена со адекватни чекори во обезбедување на извори за финансирање на таквата нова дејност.

Јас овде не се застапувам автоматски за покачување на процентот што ќе се одвојува од радиодифузната такса за дејноста на Македонската радио телевизија, ниту автоматски се застапувам за покачување на висината на радиодифузната такса. Сметам дека тоа би било неодговорно од македонската радио телевизија, бидејќи таму работат луѓе кои што дневно известуваат за економските состојби во државата, за финансиската и економската издржливост на граѓанинот од чии пари фактички и се финансираме. И оттаму во извештајот ќе видите дека менаџментот на Македонската радио телевизија и јас лично како генерален директор предлагам приспособување на димензиите на Македонската радио телевизија со она што претставува објективна можност за издвојување од страна на државата и граѓаните на Република Македонија за дејност каква што е Македонската радио телевизија, посебно што Македонија е држава која прва го признала би рекла дуалниот систем во радиодифузијата на таков начин и со такви димензии како што тоа се случува во Република Македонија. Ние веќе имаме пет национални радиодифузни организации, односно радиодифузни организации кои што зрачат на национално ниво со концесии. И сметам дека без оглед што можеби мојот предлог значи рестрикција на дејностите на МРТВ, значи предлогот за намелување на димензиите на МРТВ од три канала, повторно на два канала. Сметам дека е тоа предлог кој што оди во

согласност со можностите на државата. Доколку Собранието мисли поинаку, ние би биле многу среќни кога би можеле не само на три канала, туку на уште повеќе да работиме, бидејќи во куќата постои интерес и за посебен арт канал, постои интерес и за посебен образовен канал, постои интерес за итна дигитализација. И сето тоа како што следува, меѓутоа за жал пари нема и ние ќе мораме да се соочиме со тој факт, а од Собранието се разбира бараме да ја определи димензијата која што ќе овозможи работење на МРТВ без финансиски потреси и без барања за оптоварувања на Буџетот на Република Македонија, односно за самостојно финансирање во рамките на расположивите средства.

Посебен проблем во МРТВ претставува истрошеноста на капацитетите. Јас во оваа прилика сакам да им се заблагодарам на членовите на матичната комисија за транспорт и врски на Собранието на Република Македонија кои дента пред извештајот да оди на комисиска расправа, ја посетија МРТВ и со свои очи се уверија во тоа дека најголемиот дел од опремата е од 70-тите години. Значи, ние не само што не можеме да одговориме на потребите што ЕБУ ги поставува пред МРТВ за брза дигитализација и техничко технолошки развој, туку со цела одговорност предупредувам дека основното вршење на функциите е загрозено бидејќи на неколку пати во овој период, посебно во МРТВ е дојдено до ситуација кога што целата програма на сите јазици се монтирала само на шест монтажи. Вие знаете што тоа значи и какво загрозување на основната дејност значи основното, емитувањето програма тоа значи.

Со задоволство би сакала да кажам дека и покрај силните финансиски проблеми вработените во МРТВ не се откажаа од тоа да создаваат квалитетна програма. Резултат на тоа е повторното враќање на слушателите и гледачите на програмите на МРТВ во сите сегменти забележано е рапидно зголемување на рејтингот, како два рекордери ги издвојуваме првата програма на МРТВ која од февруари до мај во извесни делови го зголеми рејтингот на пример од 4 на 12%, додека пак вториот канал на Македонското радио забележа рекордни 200% покачување на рејтинг со промените на програмската шема. Тоа е апропо рејтингот и односот со слушателите и со гледачите. Она што е важно е да кажеме дека за прв пат МРТВ докажа и пред Советот за радиодифузија, значи и пред домашната јавност и пред слушателите и пред гледачите, но и пред меѓународните мониторинг мисии дека може да функционира како јавен сервис, дури и во тек на избори. Значи, морам да констатирам дека според оценките на Советот за радиодифузија и Мисијата на ОБСЕ на сите свои канали, на сите програми на сите јазици на кои што се создава

програмата и ја емитува МРТВ одлично ги одработи претседателските избори во смисол дека беше известувањето избалансирано, неутрално и мислам дека е тоа нешто со што сите ние можеме да се гордееме, се разбира и Собранието како основач.

Јас сметам дека извештајот дава доволно основа, доволно информации за да може да се расправа. Во изминатата година имаше многу пишувања, многу говорења околу состојбите во МРТВ. Таму се преземаат според заклучоците токму од ова Собрание од пред една година, но и поради потребите се преземаат енергични мерки за внатрешно реструктуирање, за трансформација, за реорганизирање, направено е се она што може да се направи без промена на делови од законот за јавното претпријатие МРТВ, или пак без нов закон за радиодифузија. Јас би го молела Собранието, јас сега не знам какви се точно заклучоците, меѓутоа составен дел од заклучоците што ќе се донесат денеска да биде и еден повик да се интензивираат напорите околу донесувањето на новиот закон за радиодифузија, заради тоа што тоа ќе и ја даде на МРТВ позицијата која што цела меѓународна заедница ја очекува за да може да се деблокираат некои фондови за помош на МРТВ. Иако и тоа со задоволство сакам да го кажам дека во знак на поддршка на она што внатре се случуваше во куќата од меѓународната заедница добивме помош во опрема која што ни беше исклучително драгоцена. Но, се понатаму се разбира зависи од гарантирањето на она што тие сакаат да го наречат позиција на јавен сервис, а не на јавно претпријатие.

Почитувани пратеници, Советот на Европа е во процес на донесување на нова препорака за позицијата на јавните сервиси. Ние мораме јавно да кажеме и мислам дека ова е најдобра прилика таму во членот 2 стои оценка дека јавниот интерес ќе се врзува исклучиво со емитувана програма и со нејзин квалитет и вид, а не со јавни претпријатија. Од таму ако било која од мерките и предлозите што стојат на крајот од извештајот ви се чини како ограничувачка, ви се чини дека, било јас како генерален директор, било управниот одбор кој стои зад програмата за трансформација, било Владата која ја поддржа, оди на загрозување на некои функции. Би сакала да ве уверам дека тоа не е точно. Идејата е функциите да останат, институцијата да се зачува за секогаш, таа само да се унапредува и некогаш во иднина кога тоа ќе биде можно финансиски и техничко технолошки да следи експанзија на програмите. Сега сметам дека треба да се насочиме кон квалитетот и од вас барам поддршка за тоа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Објавувам пауза од 1 час. Продолжуваме во 14,00 часот.

(Пауза од 13,00 часот).

(По паузата седницата продолжи во 14,00 часот)

По повод Извештајот за работата на ЈП Македонска радио телевизија за периодот мај 2003 мај 2004 година, за збор се јави пратеникот Џевдет Насуфи.

ЏЕВДЕТ НАСУФИ:

Господине претседтеле, дами и господа пратеници, разбирливо е како основач Парламентот да разговара за анализата на работата на МРТВ како сервис на граѓаните. И мислам дека во оваа насока се дополнува формалната страна. За жал како што можеме да видиме и од Извештајот и од говорот на директорот на оваа Куќа состојбата е алармантна и ова во суштина го поставува прашањето, или дилемата, дали е опортуно да имаме вакви телевизии, значи гломазни, неконцептирани во контекст на реформите кои ги вршиме, во контекст на сеопфатниот концепт каде што треба да влезе и јавната Телевизија. Значи, во суштина имаме системски дефект. Затоа и постојната состојба не може да биде и поинаква. Ова е една од моите начелни забелешки во однос на овој Извештај. Дали и одговара во целост на интересите на граѓаните како јавен сервис Телевизијата, посебно на албанците, јас мислам дека не. Токму и поради оваа причина треба да се концентрирам и во мојата дискусија. Поаѓајќи од фактот дека Информацијата е еден од главните сегменти на демократските општества, на граѓаните на непосреден начин и правилен, навремен и на точен начин, јас мислам дека во целост, но да не речам во проценти во една голема мерка МРТВ за жал им служи на интересите на позицијата, бидејќи и самите сме сведоци на тоа доколку веста почне на албански јазик со ДУИ продолжува повторно со ДУИ, се прекинува некаде во средина со опозицијата малку и завршува повторно со ДУИ. Ова се случува и во македонските програми. Затоа како јавен сервис доколку се политизира прекумерно, тогаш кризата секогаш ќе биде присутна. Ова е една моја начелна проценка.

Втора проценка која за жал не се споменува ниту во Извештајот е прашањето на третиот канал, или состојбата со овој трет канал. Позицијата на овој трет канал во рамките на оваа куќа, редакцијата на албанската куќа, програмите, нејзините редакции, значи на овој канал. Имам должност да нагласам и пред јавноста и пред вас почитувани пратеници кога бившата Влада во која партиципирав и јас лично и бев овластен на Владата во однос на третиот канал, направивме максимални залагања програмата на албански јазик да им ја понудиме на граѓаните албанци.

Мислам и со свеченото пуштање на таа програма го постигнавме овој голем објектив и возвишен. Вие добро знаете дека од почетокот на таа Влада имавме еден договор на коалицијата  и се оснива, или да кажам се опреми преку еден лизинг за емитувањето на програмата на албански јазик преку таканаречената опрема на ТМЕ студио од Словенија. Со текот на времето Владата одвои некаде околу 11 милиони тогашни германски марки, 6 милиони беа за внатрешната опрема на Телевизијата на третиот канал. Додека 5 милиони беа за мрежата на Телевизијата и Радиото значи, заедно. Во однос на петте милиони за распределбата се оствариja во целост. И тука институциите, радиодифузните институции и соодветните институции ја извршија својата работа со целосна одговорност. Средствата од ТМЕ, од Јапонската опрема на германската фирма им се исплатија и во суштина се оствари и техничкиот и технолошкиот аспект од аспект на обезбедување на средствата од Владата. Значи, тој канал да функционира. Се изготви и концептот на функционирањето на третиот канал што како независна редакција во рамките на оваа Куќа со независни редакции, независни програми итн. За жал, ова не се оствари. Но, што се прави понатаму со овој трет канал. Со оглед на фактот дека за жал, или ова е еден демократски процес со менувањето на Владата се разбира дека парламентарните избори ги доби СДСМ и ДУИ и нормално дека имаа и обврска и одговорност третиот канал и технички и со опремата за кои се одвоија средствата да се работи во програмата на албански јазик, значи во ново студио со средства кои се исплатија од државата и за потребите на граѓаните.

Информациите говорат дека од тогаш, одкога ја оствaривме ние оваа работа, неманиту едно поместување нанапред во однос на употребата на студиото ТМЕ. Во суштина и понатаму опремата  за модерно производство, дигитално производство на Програмата на албански јазик се затворени. Ова е еден контраст помеѓу тоа што самата директорка признава дека телевизијата се наоѓа во една тешка состојба што се однесува до техничко - технолошката опременост, а од друга страна средствата платени од самата држава остануваат неискористени. За што овие средства беа наменети? Тие беа наменети за третиот канал, кој емитуваше програма на албански јазик. Мислам дека ова е еден пропуст дали на оваа куќа или на другите фактори од Владата, сметам дека треба да се даде одговор на јавноста во однос на ова прашања. Бидејќи, до колку го зголемиме квалитетот на производот на програмите, ја зголемиме гледаноста во однос на граѓаните и на тој начин ќе биде навистина една програма или телевизијата ќе биде еден сервис за граѓаните. Инаку, ние

секогаш вака ќе се соочуваме со проблемот, кој ако продолжиме и понатаму, оваа гломазна куќа треба да се затвори.

Затоа, јас мислам дека во оваа насока пропустите се направени и треба да се подобриме. За жал, бившиот министер за транспорт и врски на едно прашање на еден пратеник овде немаше точен одговор, но немаше точен одговор ни во самата телевизија кога ја посети оваа куќа. Во оваа насока не се постигна концептот албанците во информативниот план да бидат рамноправни со другите. Мислам дека и од аспект на кадарот, албанската редакција остана на едно многу лошо ниво. За жал, вие знаете и овие денови заканите на заменикот директор на оваа куќа дека нема нови решенија за нови вработувања, туку истовремено треба да се најдат други модели и начини, до колку сакаме да ја подобриме состојбата во МРТВ. Бидејќи, до колку информациите говорат дека падот на производот е некаде околу -4,2%,ова ќе биде тешко не само за телевизијата, но и за општиот стандард на граѓаните.

Затоа, ние немаме и што да додадеме, но и што да повлечеме од ова. Можеме да го дополниме овој Извештај, бидејќи ова е фактичка состојба која неможеме да ја измениме. Но, што се однесува до третиот канал на албански јазик, тие средства намеменети за оваа цел, за жал и ден денес не се употребуваат за таа намена. Ова е наша главна забнелешка. Ви благодарам г-дине претседател.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Г-динот Хусеини има реплика од три минути.

ХУСЕИНЏЕВАТ ХУСЕИНИ:

Со многу забелешки од страна на колегата се согласувам и велам дека и моите избирачи мислат дека толку колку што придонесуваат со претплатата, тие не добиваат толку колку што даваат, не добиваат емисии. Иако, ние сме корисници на емисиите на сите, емисија за среќа, затоа што го познаваме македонскиот јазик, само третиот канал, тие треба сами да го решат и тие проблеми што ги имаат од порано, кои што ни ги оставиле нас во наследство. Што се однесува до тоа дека ДУИ е повеќе застапена на емисиите на третиот канал, јас не би се согласил со тоа, а е многу нормално да биде позастапена. Бидејќи, не може спикер кој што коментира некој натрепревар да коментира за резервните играчи, а да не коментира за играчите на терен. Ова е многу можно. Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Една минута реплика има г-динот Џевдет Насуфи.

ЏЕВДЕТ НАСУФИ:

На еден начин дискутантот признава дека во суштина ДУИ и позицијата е главно во таква позиција да раководи и е и главен играч. Но, за жал, Парламентот и политичките партии не се фудбалски екипи. Тие се политички партии застапени и учествуваат во една демократизација на општеството на рамноправен начин. Одговорноста е поголема во однос на опозицијата. Кога е поголема одговорноста, тогаш и грижата за опозицијата, треба да биде исто поголема. Затоа, во овој случај ова недостасува. Јас велам дека застапеноста на опозицијата, говорам и за ДПА, за жал, е минорно. Ви благодарам г-дине претседател.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

За реплика повеќе неможете да се пријавувате. Сега се пријавивте г-ѓо Ивановска. Репликата почна и тоа право веќе заврши. Да се пријавувате кога е време за пријавување, затоа што сакаме да се реплицира на говорот, а не на репликата.

Пред да почнат репликите се пријави за збор г-динот Абдулаќим Адеми.

Повелете.

АБДУЛАЌИМ АДЕМИ:

Благодарам г-дине претседател.

Сакав да реплицирам на говорот на предговорникот, иако во последниот дел на реченицата на неговата дискусија, јас потполно се согласувам, меѓутоа, не се согласувам со тоа што го кажа дека вестите во програмата на албански јазик почнуваат со ДУИ и завршуваат со ДУИ. Едно нешто треба да ви биде јасно г-дине Насуфи дека ние не го правиме уредувањето на вестите на албански јазик, така како што вие сте имале свој уредник присутен секогаш на вестите. Не сакам сега да му го спомнам името. Ниту еден пратеник, ниту еден министер не се јавил по телефон кај уредникот, ниту кај директорот кој е присутен во Македонската телевизија и за ова можете да се уверите самите кога сакате. Вие самите не учествувате во емисиите што ги организира Македонската телевизија. Не ги знам причините зошто, но самите се изолирате и вината ја префрлате кај другите. Додека што се однесува на ТМЕ студиото, факт е дека тоа се отвори за третиот канал, меѓутоа, се затвори додека

вие бевте на власт и вие треба да ги кажете причините зошто го затворивте тоа студио. Сега, се развиваат некои активности за отворање на тоа ТМЕ студио токму за да се стави во функција на третиот канал и ако вие ги прочитате заклучоците од Комисијата за транспорт и врски за кои што дискутиравме, еден од заклучоците е токму тоа Владата да се ангажира тоа студио да се стави во функција на третиот канал.

Кога спомнувате средства распределени од Телеком кои што беа 11 милиони германски марки, вие само пет милиони германски марки велите дека се искористија. За жал, шест милиони марки не се знае каде се. Некои шпекулации велат дека дел од средствата се поделени за изградба на крстот на Водно, додека друг дел сигурно завршил во џебовите на функционерите на ДПА. Бидејќи, вие сте биле одговорни, главните одговорни на таа Влада, на Македонската телевизија, добро е да ги контролирате и вашите џебови колку останале од тие средства од тие 6 милиони германски марки. Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Имате една минута г-дине Насуфи.

ЏЕВДЕТ НАСУФИ:

Сигурно дека јас бев одговорен и свечено го пуштив овој трет канал и во однос на ова прашање нема дилеми. Се направи промената на Владата, бидејќи опремата за емитувањето на програмата на ефективен начин ги изнесовме на виделина, кои со месеци беа по царините. Но и опремата односно се купи и опремата на ТМЕ студиото, додека понатаму проектот требаше да го продолжи ДУИ, а не ДПА. До колку мислите дека ДПА ги има земено парите, тогаш немаше можност, бидејќи не беше потписник на овие пари. Потписник беше министерот за финансии. Еден апсурд е да се спомнат вакви приказки, детски прикаски. Пред, треба со одговорност да се нагласи дека џебовите..

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Времето ви истече г-дине Насуфи, дури една секунда повеќе.

Сега, збор има г-динот Фатмир Асани, а нека се подготви пратеникот Ејуп Рустеми.

ФАТМИР АСАНИ:

Почитуван претседател, почитувани пратеници.

Ивештајот подготвен од страна на раководството на МРТВ јасно покажува дека актуелната состојба во МРТВ, посебно во редакцијата на албански јазик е многу влошена. Конкурсите се одложуваат, кои што ги отвори заменик директорот на оваа информативна куќа. Месечните плати задоцнуваат повеќе од 17 месеци и 10% од новинарите албанци имаат решение за трајно вработување, додека од друга страна се потпишуваат договори меѓу претпријатието СВРС и МРТВ за размена на програми или за рекламирање, кое што е во спротивност со Законот на јавното претпријатие, кој е изгласан порано од наша страна. Овој договор создал партнеритет меѓу претпријатието СВРС и МРТВ и многу од Извршниот совет се суспендирани. За овој договор раководството на МРТВ треба да даде сметка пред парламентарците и да образложи колку имало корупција, дали имало корупција или не, иако јасно се гледа дека постоела корупција.

Според извештајот кој што ни е претставен од страна на МРТВ има долгови до 476 милиони денари, додека даноците кои што треба да ги плати на разните јавни претпријатија се до вредност од 150 и нешто милиони денари, опфаќајќи ги тука и платите на вработените кои работат со непотполн распоред. Повеќе од вистина е дека албанците иако имаат трет канал на албански јазик, тие и понатаму се дискриминирани. Ова го велам токму од причина што 17 месеци не добиле месечни плати. Конкурсите не се признаваат од страна на директорката на оваа телевизија, Програмата на албански јазик се подготвува во оваа куќа. Во Извештајот на МРТВ не е дефиниран бројот на новинарите македонци кои работат со хонорар. Албанците се тие кои се плаќаат односно кои редовно ги плаќаат телевизиските такси и албанците се тие кои не добиваат месечни плати што им припаѓаат.

Доколку гледаме малку подалеку да бидеме сигурни дека во Кочани, Прилеп или Струмица телевизиската такса е помала, претплатата е помала, одколку од територијата на Гостивар, тетово или Куманово, во Извештајот на МРТВ од почетокот до крајот се гледа катастрофална состојба. Комисијата за транспорт и врски имаше наизменични седници и досега не успеа да донесе конкретни решенија во врска со статусот на МРТВ, конкретно за редакцијата на албански јазик. Меѓувреме, во МРТВ моментално се вработени се на се 1370 вработеин, опфаќајќи ги тука поголемиот дел на вработени кои се со македонска припадност.

Почитувани колеги, состојбата на третиот канал на албански јазик при МРТВ, за жал можам да кажам дека е токму жална. Раководствата не дозволуваат да се слушне гласот на опозицијата, посебно на ДПА. Претставниците на ДПА се поканувааат само на дебати, додека од друга страна се игнорираат сите други

активности, декларации и соопштенија за процесите за демократизација во Македонија. Жалната состојба во овој телевизиски канал владее и од финансиски аспект. Дискриминацијата на албанците во Македонија најеклатантно може да се види во зградата на МРТВ. Ова можеме да го докажеме и со факти. Албанците таму имаат, само 40 се вработени со решение, додека македонците имаат цифра од околу 1000. Албанците работат за помали плати, кои што и така им доцнат, додека македонците според информациите кои што ги имам, имаат еден доволно добар стандард во МРТВ. Албанците се фрлени на четвртиот кат, во некои мали простории и локали без услови за работа, додека од друга страна и самите гледачи можат да видат во какви услови работи другата македонската страна. Еве уште еден факт, кој што наизглед е банален, меѓутоа, покажува јасна дискриминација на вработените албанци во МРТВ. Албанците во употреба имаат само една телефонска линија, додека македонците имаат над 100 телефонски линии. Овие факти треба да се ислушаат добро и ДУИ и заменик директорот на МРТВ Ким Мехмети треба да ги слушне и да почне конкретно да работи во оваа насока, а не само да излегува на телевизија и да си прави маркетинг сам за себе и при тоа да изгледа смешен.

Од друга страна, жален е и статусот, сегашниот статус на третиот канал. Ако албанците во Македонија се 1/3 од населението, тогаш и треба да добијат 1/3 од телевизиските канали.

Во оваа насока предлагам третиот канал да биде само на албански јазик, додека програмите на малцинствата да се емитуваат на вториот канал. Да се поделат финансиски средства за подобрување на технологијата, на кадрите.

Трето, третиот канал да се помогне финансиски од телевизиската куќа на МРТВ.

Четврто, третиот канал да се раководи од еден мини вод кој што ќе внимава за унапредување на каналот и за работи за создавање на посебна каса каде што ќе има прилив од 5% од целиот принос кој што е од собраното претседателство

Почитувани колеги ова е одраз на работата на МРТВ, конкретно на третиот канал а не како што сака да покаже и Мехмети и ДУИ, ова е таа слика. Ве повикувам ургентно да се поправи оваа ситуација затоа што и албанците плаќаат и имаат право да гледаат еден целосен телевизиски канал со истите стандарди како и тие двата македонски кои што постојат. Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам г-дине Асани, кој сака да реплицира нека се пријави.

Бидејќи никој не се пријавува следниот говорник е г-динот Рустеми, а нека се подготви пратеникот Невџет Мустафа.

ЕЈУП РУСТЕМИ:

Благодарам господине претседател,

Почитувани колеги, почитувана госпоѓа директор. Денес пред нас имаме еден Извештај на МРТВ кој претставува еден значаен Извештај бидејќи самиот македонски Парламент е и основач на ова Јавно претпријатие.

Јас на почеток ќе кажам неколку зборови кои ги кажав и на Комисијата за транспорт и врски. Доколку се разгледа овој Извештај и го споредиме сооној од минатата година и говорот на директорката, можам да кажам дека се употребени истите зборови и истата состојба во МРТВ и истите потешкотии кои се јавуваат кај раководителите на МРТВ.

На почеток ја симам една начелна забелешка, а имам и едно прашање до директорот на МРТВ, би ја прашал дали во овој Извештај кој е изготвен има соработувано со заменикот директор на МРТВ којисто така е избран од овој Парламент и колку се консултирала во изготвувањето на овој Извештај? Ова е едно од прашањата, а сега да го видиме Извештојот кој ни е пред нас.

Од говорот на директорот на МРТВ се гледа дека МРТВ е во криза и тоа финансиска , кадровска и техничко-технолошка криза, а јас како член на Комисијата за транспорт и врски имав можност, ја посетивме оваа куќа и со многу прашања се согласувам со директорот на МРТВ посебно кога станува збор за техничката опременост на МРТВ која е од 70-тите години и со многу труд се одржува од страна на вработените во оваа куќа. Ваквата опрема не се користи никаде, во ниту една друга телевизиска куќа, освен во МРТВ.

Исто така стана збор дека едно кризно прашање е и прашањето за финансиите, се јавија многу загуби, бидејќи не се платени со години, јас не би сакал сите да ги нагласам бидејки сите ги имаме пред нас и лесно можеме да дојдеме до заклучок дека навистина имаме една тешка финансиска криза. Но, исто така се споменува и проблемот пробелмот за прибирање на радиодифузната такса која сега во последно време има постигнато еден максимум каде според зборовите на директорот беа 57% од наплатата на оваа такса. Но, кога станува збор за радиодифузната наплата ние треба да го имаме пред се фактот бидејќи граѓаните вршат радиодифузна уплата и ја финансираат оваа куќа, целосно треба да се

согласиме дека тие имаат право да бараат од МРТВ и квалитетни програми, било образовни, едукативни и други програми.

Затоа ние треба да не дојдеме во состојба секоја година да заклучуваме штоне е тешко да заклучиме дека МРТВ се наоѓа во тешка финансиска состојба, но има и тешка опременост. Ние како Парламент треба да преземеме конкретни чекори за да изнајдеме решение за ова јавно претпријатие каде граѓаните партиципираат со месечни уплати на радиодифузната такса.

Овде, во овој Извештај, еден од факторите на кризата покрај финансиските прашања кои ги спомнав е и вработувањето на поголемиот број вработени во оваа куќа каде имаме еден преглед дека до 23.06.2004 година бројот на вработени е 1370. Во однос на ова прашање јас имам една забелешка бидејќи се знае дека МРТВ сега засега функционира преку три телевизиски канали и три радио-програми. Трите телевизиски програми каде третиот канал е канал на етничките заедници кои не се мнозинство во Република Македонија, но ја сби сакал во овој Извештај каде е даден бројот на вработените и нивната стручност, нивната професија би сакал да го видам и националниот состав на вработените во ова Јавно претпријатие.

Од тоа што можеме да го видиме јас се согласувам дека бројот 1370 е голем број за ова Јавно претпријатие.

Почитувана господо, почитувна директорке, Вие се согласивте во Комисијата за транспорт и врски и сите овде треба да се согласиме дека не е можно дека програмата на третиот канал односно програмата на албански јазик и радиото на албански јазик да функционира само со 97 вработени. Значи, тука има мал број вработени, било новинари, било од техничкиот дел и еден голем број вработени со хонорар кој за жал, со месеци , но и со години не го добиваат и тој хонорар кој им припаѓа. Сите овие вработени како хонорарни немаат ниту пари да го платат нивниот транспорт од дома до работното место. И, во ваква состојба тие повторно го даваат својот придонес за да имаме ваква програма која се емитува во етерот од програмата на албански јазик.

Исто така имам едно прашање за директорот кој има дадено еден преглед на Секторот на вработени, на главните уредници, на уредниците во радио-во телевизија и во однос на ресурсите.

Ја прашувам колку е почитувна застапеноста во оваа куќа и колку шефови во овие сектори се застапени. Од информациите што јас ги имам знам дека во колегиумот на оваа куќа од 40 и неколку лица поканети во овој колегиум само двајца или тројца се албанци, и тоа одговорниот и главниот уредник на програмата во

телевизијата, одговорниот уредник на програмата во радиото и замеником директор. Сите други се од другата етничка заедница.

Доколку ги поврземе наплатата на радиодифузната такса од една страна и застапеноста од друга страна можеме да видиме дека немаме соодветна застапеност. За среќа во овој Извештај кој е даден во оваа година ги имаме и градовите каде се дава и процентот како е направена исплатата на радиодифузната такса. Ова не можеме да го земеме како априори дека е точно и да направиме поделба на граѓаните кои плаѓаат и да речеме дека е од оваа заедница или од друга заедница, но до некаде можеме да донесеме еден заклучок дека во градовите каде што живеат мнозинството албанци можеме да видиме дека еТетово 53,5%, дека во Куманово е 55,6%, во Кичево 59%, Струга 68% наплата, Дебар 31% и Гостивар 23%. Кога ќе ги споредиме со другите градови на пример Кратово 1,4%, Кочани 3,1%, Неготино 5,5% и т.н. и можеме да видиме од овој Извештај кој ни е даден од Јавното претпријатие МРТВ.

Затоа додека албанците граѓани ја плаќаат оваа такса имаат целосно право и тие да имаат квалитетен програм и истито да го следат.

Исто така ќе кажам дека истата работа е и во говорот што го имавме пред една година кога го разгледувавме Извештајот на МРТВ и уште тогаш, за жал, главниот уредник на албански јазик беше вработен хонорарно кој по извесно време доби решение за работа но истата состојба ја имаме и денес. Ова е единствената телевизија вос ветот каде главниот уредник на програмата на албански јазик е вработен со хонорар.

Јас го поздравувам конкурсот во оваа куќа за приемотна нов кадар каде што се надевам дека со вработување на овие лица за кои што е отворен конкурсот е може да имаме една подобра состојба во оваа телевизија односно во третиот канал на албански јазик.

Во верзијата од пред една година на многу јасен начин се прикажа проблемот на седмиот кат односно на ТМЕ студиото, но оваа година ова не можам да го увидам, можеби и немав можност. Оваа година значи не го имаме проблемот на ова студио. Поради кои причини не е отворено ова студио иако имаме информации дека има едно решение, една одлука третиот програм да го користи ова студио кое за среќа Комисијата за транспорт и врски донесе еден од своите заклучоци оваа година на овој Парламент да го усвоиме тоа. Значи, претставува една потреба да се ангажира Владата во оваа насока, Министерството за транспорт и врски, Министерството за финансии, ова студио да го стави во употреба на третиот канал.

Оваа година во овој Извештај кој можам да го поздравам бидејќи не е добро ние секоја година да велиме дека состојбата не е добра и да не преземаме ништо, но во овој Извештај имаме од страна на Владата Програма за трансформација на МРТВ која претставува дека од сите канали кои се денес во Република Македонија, значи овие три канали да поминат во два канали, третиот канал да биде како втор канал, а вториот канал да се даде под концесија и во иднина Република Македонија ќе има два телевизиски канали. Јас можам да кажам дека е добро во овој Извештај бидејќи ни се укажува дека некои држави работат со два канали како на пример Австрија, Белгија, Чешка, Финска, Германија. Има држави кои работат и соеден телевизискиканал како што е Молдавија, Русија и други. Со триканали сега работат Грција, Италија, Холандија и Шпанија.

Затоа, добро е што побрзо да се премине на работа со два канали каде сигурно ќе се подобри состојбата која ви се укажува во МРТВ.

Еден од другите приоритети кои според мене е и основа за понатамошна трансформација на оваа куќа е секако донесувањето на Законот за радиодифузија и понатаму да се помине во внатрешна трансформација на МРТВ.

Јас се надевам доколку го донесеме законот за радиодифузија и внатрешната трансформација на Македонската телевизија се надевам и убеден сум во тоа дека во наредната година нема да зборуваме за ваква тешка состојба туку ќе зборуваме за една многу подобра состојба во оваа куќа и вработените кои се во Јавно претпријатие да имаат подобри услови за раота исекако ќе имаме по квалитетни програми. Значи тоа што ни е долг во однос на граѓаните бидејќи тие се и финансиери на ова Јавно претпријатие.

Ви благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Му благодарам на г. Рустеми.

Повелете г. Неждет Мустафа, а нека се подготви пратеникот Јордан Михајловски.

НЕЖДЕТ МУСТАФА:

Благодарам  почитуван претседателе, колеги пратеници, почитуван директор на МРТВ. Навистина денес е голема чест , а и можност да се сретнеш со генералниот директор на МРТВ и да се има можност за еден ваков начин на комуникација. И покрај големите напори на мојата политичка партија и мојот личен

ангажмам во минатото да направиме контакти за подобрување на условите на Ромската инфорамтивна редакција во МРТВ, тие обиди останаа празни па можеби сега ќе имаме можност за едни такви видувања.

По оној краток Извештај на генералниот директор на МРТВ навистина сакам да сочувствувам со проблемите на нејзината работа, со она што остана кко наследство од минатото, според нејзините изјави од 70-тите години, на техничката опременост на таа телевизија, од многуте финансиски-технички и кадровски потешкотии што се наоѓаат во таа телевизија, сметам дека тоа е грижа на сите нас како пратеници, и како основачи на таа национална телевизија.

Јас и понатаму верувам дека со нејзиниот личен ангажман овие тешки моменти ќе ги надмине, познавајќи го нејзиниот енергичен потенцијал, верувам дека нејзините заложби за подобрување на севкупниот кадар и техничката опременост ќе се дојде до едно такво ниво.

Врз основа на Извештајот во писмена форма и она што самата го изнесе на оваа говорница се чудам и покрај таквите тешки технички состојби да се подобри програмата на 200% воквалитетни содржини тоа е голем резултат покрај она што веќе го имаме и во Извештајто и во изјавите на генералниот директор.

Јас сум тука, вие сите знаете да ги претставувам интересите на мојата заедница, на ромската заедница и да ги пренесувам проблемите на тие две ромски рекации кои за жал веднаш ќе спомнам дека тие постојат како фолклор во таа редакција дека како таков етнички фолклор сите се обидуваме да докажеме дкеа националната телевизија има и мултиетнички карактер иако јас тука во неколку наврати ви тврдам дека тој бинационален курс и бинационален синдром се шири дури и во МРТВ со тоа што на другите етнички канали дефакто има резултати дека се во страшно, страшно неадекватни услови за работа.

Навистина незнам што се чека, а да не се затвори ромската редакција во радиото и телевизијата кога и двете редакции веќе 12, 13 години , а јас по некоја среќа или несреќа сум и основач на ромската информативна редакција. Значи веднаш по моите студии, ја основав ромската инфорамтивна редакција при Македонската телевизија, за жал по моето заминување они останаа во многу и многу по мизерни услови од она време на кое што јас работев како уредник на таа инфорамтивна редакција. Денес тие новинарчиња се во една сосема мала канцеларија со 4-5 бироа кои што не можат да се наречат со тој термин, во тешки неподносливи услови, без никаква техничка опременост, ниту услови за координирана работа. Во таа нивна така наречена редакција од 12 квадрати

можеби, нема ниту телефон отворен на кој што може да направат контакти со своите гости,особено денес кога сите знаеме дека најголем дел од функционерите носат мобилни телефони па тешко да сенаоѓаат, тие дури до таква можност не можат да дојдат за да ги повикаат своите соговрници на своите програмски содржини.

НЕЖДЕТ МУСТАФА:

Сакам навистина да потенцирам дека длабоко сум возбуден од она што се случува во таа Телевизија. И навистина се прашувам дали сме решителни да направиме добра телевизија, но не само добра за некои заедници туку добра за сите заедници. Тоа значи дека ако задоволството од некои заедници го гледаме и го уредуваме на највисоко ниво и ако знаеме да вработиме од некои заедници по 70, 80 вработени, а сметаме дека само со еден вработен од другите заедници, односно од ромската заедница, дека ќе го задоволиме тој минимум на таа редакција и ќе создадеме услови за нормално функционирање на таа редакција, мислам дека од тој етнички фолклор еднаш за секогаш треба да излеземе и да застанеме зад уставните определби. Имаме Устав, имаме и Рамковен договор. На таа релација навистина барам силна одговорност на генералниот директор или да се зафати да направи една стабилна мултиетничка телевизија на која што нема да ги подели на поголеми и помали, на која што нема да чекаат со месеци уредниците на ромската редакција да се сретнат со генералниот директор за да ги изразат своите проблеми, туку дека ќе пружа широка можност и ширина за да се договорат како да се конципира таа програма. Морам да ви признам дека ромите во Република Македонија речиси немаат информативна програма само од тие причини што често нашите седници веќе цела година се пренесуваат, дури се одложени емисиите, што значи мислам дека, дури, ромите немаат потреба да ја плаќаат претплатата на македонската национална телевизија бидејќи немаат своја содржина и свое место. На тој начин сметам дека во тој случај може само да се подобри слухот на раководството на Македонската национална телевизија, МРТВ за да се ангажира посоодветно во однос на каналите кои се етнички.

Следно што навистина паѓа в очи: во изминатиот период имавме доста чувствителни теми. Во тие чувствителни теми секогаш се среќаваме со проблемите на одредени актуелни заедници, но никако да се реши МРТВ да отвори некоја дебатна содржина, емисија за ромската заедница од областа на образованието, културата, политиката, економијата, социјалниот живот, нивната интеграција,

Рамковниот договор колку е успешен - неуспешен во процесот на реализирање на таа заедница. Такви содржини во МРТВ барем јас немам допрено. Познавајќи го силниот потенцијал на генералниот дирктор и професионалниот слух, се надевам дека ќе отвори посебна можност за ромската заедница за отворање такви содржини до кои ромите можат да допираат преку националната телевизија со своите проблеми кои се доста чувствителни, кои можат барем преку тој медиум да излезат на површина и иако некогаш политиката не допира до чувствителните проблеми на ромите, тогаш должна е МРТВ да им ја дава слободата на ромските новинари да го изразат ромсккото незадоволство преку тој медиум. За жал, денес немаме таква состојба.

Во очи ми падна графата 440 на Извештајот во однос на дневници за службени патувања и патни трошоци, за што се потрошени околу 23.864.565,00 денари и прашање е што имаат ромите од овие патни трошоци, дневнци итн., бидејќи тие две ромски редакции со години не ги посетуваат ромските живеалишта во Република Македонија, само поради тоа што немаат услови да ги посетат тие живеалишта, проблемите на ромската заедница итн. Мимслам дека така не може. Ду ри, јас се чудам зошто тие новинари сеуште се таму, зошто демонстративно не ги остават тие редакции и зошто на едноставен начин не ги решаваат проблемите, зарди тоа што сигурно тие не очекуваат дека јас од тука ќе им ги решам проблемите. Тие самите треба да си ги решаваат проблемите. Всушност тоа е обврска на секој еден граѓанин и припадник на било која заедница, сами да си ја земат судбината во свои раце.

Во однос на платите и надоместоците, износот во Извештајот е 388.195.524,00 денари. Сеуште немаме еден уредник во двете ромски редакции, значи уредник со решение. Таму уредниците работат 12-14 години, не се наоѓа место, можеби дури сега се изразува некоја желба и интерес за вработување на еден уредник и прашање е, во однос на професионалната изјава на генералниот директор на МРТВ дека основна цел и ангажман на оваа куќа е да произведува квалитетни содржини и квалитетни емисии. Се прашувам навистина како може една ромска редакција без ниту еден пријавен уредник да учествува на колегиуми, во колективната работа итн, како може тогаш да се произведува квалитетна содржина, односно квалитетна програма, со двајца-тројца новинари што работат со години, ние сметаме дека ромската редакција во телевизијата и радиото ќе продуцира квалитетна содржина? Навистина сакам да инсистирам на тој етнички фолклор кој што е присутен во сите сегменти да се елиминира, се со цел доколку навистина искрено пристапуваме кон

она за што сме се определиле со Уставот на оваа наша држава. Со тоа ќе постигнеме една силна амортизирана состојба од оваа вакумска состојба. Значи, во тие сегменти се надевам дека во иднина колегиумот на МРТВ ќе се ангажира по објективно за пообјективно интегрирање на ромските новинари во тие содржини и ќе ја збогати својата содржина не само со една емисија од 30 минути, туку дека ќе се сретнеме во националната телевизија и со дебатни содржини со разноразни теми токму за она што ја мачи ромската заедница, гледано од призма на новинарите.

Почитувани колеги, почитуван претседател, почитувана директор на МРТВ,

Моите пораки и мојата желба во однос на содржината на мојот говор беа навистина добронамерни и јас се надевам дека вие самите ќе ги прифатите овие мои сугестии и овој мој настап, со цел дека следната година повторно нема да се сретнам со истата содржина и дека во текот на годината што доаѓа ќе се ангажирате ромите да не преставуваат само еден етнички декор, туку да ги прифатите како редакција која треба да продуцира квалитетни содржини и емисии.

Во интерес на времето, кое сите нас не засега, ви благодрам на вниманието со кое ме следевте.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам г-дине Мустафа.

Повелете збор има пратеникот Јордан Михајловски, а нека се подготви пратеникот Ќенан Хасипи.

ЈОРДАН МИХАЈЛОВСКИ:

Почитуван претседателе, почитувана директорке на МРТВ,

Денеска разгледуваме извештај за едногодишно работење за периодот мај 2003 - 2004 година. Извештај кој покрај тоа што има определба да ги покаже активностите во МРТВ, да ги покаже проблемите со кои се соочува, јавениот сервис, има и намера пред се и над се, барем така јас го разбирам извештајот, да отвори еден значаен и еден сложен процес а тоа е процесот на трансформација во МРТВ.

Тој процес се соочува со проблеми уште на самиот старт како што може да се види од извештајот, дотолку повеќе што со собраниските заклучоци, точка 5 за санација, основна е санацијата на технолошките капацитети во МРТВ. Зафатот не е ни малку наивен, бидејќи за инвестирање на опремата се потребни 3 милиона евра. Ако се прифати сознанието дека долгот на МРТВ по сите основи изнесува 627.326.195,00 денари состојбата станува многу сложена. За жал, во кумулираните загуби може да се прочита и стапка од ненаплатени побарувања дури од

150.891.145,00 денари од маркетингот на политичките партии по повод изборите, кои не се намирени, трошоци кои не се подмирени на МРТВ. Жалам што директорката немала храброст да ги напише податоците за политичките партии, за тие кои во името на народот во предизборната кампања не си ги платиле долговите кон МРТВ. Јас имам една моја статистика меѓутоа да не навредам некои од партиите овде во парламентот нема да ја прочитам бидејќи не располагам со егзактни податоци. Меѓутоа знам дека партиите се оптужени со 48 милиони денари, а дека дел за жал дел од тие побарувања од 11 милиони заради несоодветна, заменета, изгубена или фалсификувана документација во некој период застарени 11 милиони денари нема никогаш да се наплатат како долг на МРТВ.

Мала утеха е што може да се оцени како позитивно дека во текот на извештајниот период МРТ работела во рамките на финансискиот план, не се задолжувала онака како што правеле во птретходниот период.

Со заклучокот број 4, кој ние го донесовме, МРТ на 27.07. 2003 година на Владата и доставила програма за трансформација и реорганизација на претпријатието. Владата на 24.05.2004 година ја поддржа оваа програма за трансформација. Варијантата 3 од Програмата за трансформација МРТ да емитува програма на два канала, исто така и на радио сигналот на два канали и на еден сателитски канал може да се оцени како оптимално решение кое соодветствува на материјалната состојба на техничките можности на кадровскиот потенцијал и на нивото на технолошкиот развој што го има МРТ. При ова може да се каже наместо зголемено времетраење на емитување на програмата на каналите, МРТ решила да се соочи со предизвикот на времето да ја остварува улогата на јавен сервис.

Она што недостасува во технолошкиот развој на телевизијата секако дека е телетекстот. Тоа го има само на А-1 телевизија од македонските телевизии. Дописната редакција на МРТ не соодествува со потребите и со асоцијација на Македонија за влез во ЕУ, бидејќи токму со земјите на ЕУ немаме дописна мрежа. Дигитализацијата и компјутеризацијата на програмата исто така се предизвик за нашата МРТ. Регионалните студија и покриеноста на целиот македонски простор исто така е предизвик. Ќе спомнам само дека само во североисточниот дел на Републиката дури 45% од територијата, еве конкретно Крива Паланка не е покриена со сигналот на МРТ токму од причините за кои зборував, токму заради загубите со кои се соочува, така што граѓаните од овој дел на нашата земја гледаат српска или бугарска телевизија за жал.

Во функција на трансформацијата мора да донесеме нов закон за радиодифузија, кој поблиску ќе го дефинира местото и улогата на МРТ како јавен сервис и условите во кои таа ќе работи. Ова условите посебно го потенцирам. Ние како земја, ви за ви препораките на ЕУ, мора да оформиме своја дефиниција за просторот на јавниот сервис. Решението мора да биде функционално. Тешко дека решение за тешката материјална положба можеме да бараме само преку зголемувањето на радиодифузната такса. Тоа не го дозволува состојбата во Македонија, но од аспект на тоа дека сме социјална држава, Парламентот мора да бара и други форми како да го обезбеди нормалното работење на МРТ. Во овој момент не гледам зошто би имало резерва во поддршката на трансформацијата, посебно на делот на димензионирањето на програмата за да од три се помине на емитување на два канала. Ова не е политичка, туку реална поддршка на трансформацијата. Опцијата е поткрепена со европските примери и искуството кое беше кажано и од мојот колега во неговата дискусија.

Исто така, МРТ ќе се соочува со еден проблем, а и ние како Парламент, бидејќи европската пракса во радиодифузијата покажува дека тој простор се стеснува и дека ексклузивни носители на јавниот сервис не мора да бидат само јавните претпријатија.

Јас сум еде од оние кои ја поддржуваат трансформацијата на МРТ и кога ќе дојде време за донесување на новиот буџет ќе бидат еден од предлагачите на нова ставка во Буџетот, со цел да помогнеме на МРТ да може да влезе поинтензивно во процесот на трансформација кој претстои пред неа.

Нешто што беше кажано од моите колеги, со кое не се согласувам до крај, на јавниот сервис му е примарна функцијата јавниот интерес. Во рамките на тој интерес треба да има баланс меѓу јавноит интерес и етничките потреби. Меѓутоа, тој однос треба да се гради во однос на материјалните можности, технолошката оспособеност на јавниот сервис и кадровскиот потенцијал. Мислам дека треба да дадеме виза на извештајот и да побараме од Владата Програмата за трансформација што е доставена да дојде што побрзо до Парламентот за да може да се донесат квалитетни одлуки за трансформација на јавниот сервис.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам господине Михајловски.

Има збор господинот Кенан Хасипи, а нека се подготви пратеникот Јани Макрадули.

КЕНАН ХАСИПИ:

Почитуван претседателе, почитуван директор на МРТ, дами и господа пратеници,

Извештај за работата на МРТ како и дополнителното излагање на генералниот директор госпоѓа Гордана Стошиќ јасно ја отслика тешката состојба на ова јавно претпријатие како од материјална гледна точка, така и техничко-технолошката опременост на истата. Иако охрабрува фактот дека одредени знаци на подобрување се уочливи, евидентно е дека се неопходни одредени реформи од санација на технолошко-техничките капацитети, па се до редовното функционирање на ова јавно претпријатие.

Во интерес на времето нема да ги елаборирам состојбите во оваа куќа, ниту во турската редакција ни Македонската телевизија и Македонското радио, кадровските, техничко-технолошките проблеми, тешките услови за работа и слично, за кои пошироко елеборирав при разгледувањето на годишниот извештај на оваа куќа минатата година, а во меѓувреме состојбите се дополнително влошени, туку ќе се осврнам на една појава преку која за жал политичките елити преминуваат како да се работи за колатерална штета, а се работи за програмата на етничките заедници во Република Македонија.

Разгледувајќи го извештајот за работата на МРТВ во периодот мај 2003 мај 2004 година сериозно се загрижив пред фактот колку политиката може да ја обезличи оваа дејност од посебен општествен интерес. Со други зборови, речиси една година во Република Македонија се врши буквално културен геноцид врз помалите етнички заедници чии програми речиси и не се емитуваат од оваа радиодифузна куќа. МРТВ дефакто стана заложник на политичките елити и е буквално принудена на два од се на се три канала да ги емитува седниците на Собранието на Република Македонија за да ги овековечи “историските настапи на борците за националната кауза”. А дека со тој чин се газат уставно загарантираните права на помалите заедници воопшто и не е битно. Битно е овој театар во режија на народните избраници да го забавува широкиот аудиториум. Господа, ова е ерозија на моралот од невидени размери. Замислете во оваа земја 12% од популацијата плаќа радиодифузна такса за да не ја гледа програмата на свој јазик. Доколку некој од нас верува дека народот толку милува да не гледа, нека ги понуди МРТВ преносите на седниците на Собранието на Република Македонија на тендер, па ќе видите колку телевизиски куќи ќе бидат заинтересирани да ги емитуваат истите.

Најавите на раководството на МРТВ дека поради сериозни нарушувања на програмската шема ќе мора во одредени периоди да прекине со преноси на седниците на Собранието на Република Македонија наиде на сериозни критики. И беа окарактеризирани како ограничување на правото на граѓаните за информирање за настаните во сите сфери на општествениот живот. Во изнаоѓање на излезни решенија не помогнаа ни бројните поплаки на политичките претставници и редакциите на наведените етнички заедници, како и на голем број граѓани припадници на помалите етнички заедници. Исто така, не вродија со плод ниту бројните состаноци и средби на раководството на МРТВ со највисоките претставници на политичките партии како и со претседателот на Собранието како основач на оваа радиодифузна куќа. Стана сосема јасно дека без порадикални чекори нема решение за овој проблем. Од тие причини користам прилика од оваа говорница да го пренесам следното.

Прво, иако лично сметам дека нивото на радиодифузната такса ни од далеку не ги задоволува потребите на овој медиум, ги повикувам припадниците на помалите етнички заедници корисници на услугите на МРТВ да прекинат со уплатата на радиодифузната такса се додека не почнат да се емитуваат програмите на јазикот на тие заедници.

Второ, го повикувам раководството на МРТВ во времето предвидено за програмите на етнички заедници да прекине со преносот на седниците на Собранието на Република Македонија и да обезбеди континуирано емитување на програмата на тие заедници. Доколку тоа не се стори, ги повикувам редакциите на етничките заедници да прекинат со емитување на програмите на јазикот на тие заедници и да прогласат информативен молк се додека не се обезбеди континуирано емитување на нивните програми во точно утврдени термини и во време кога гледаноста на тие програми е оптимална. Ги повикувам политичките елити час поскоро да го решат ова прашање на начин кој ќе биде во интерес на сите заедници во Република Македонија, во изнаоѓање на најсоодветните решенија да бидат вклучени професионалните претставници на сите етнички заедници.

Трето, ги повикувам претставниците на Меѓународната заедница дека е крајно време еднаш посериозно да ги разгледаат и проблемите на помалите етнички заедници доколку сакаат, мултиетничкиот вокабулар што толку ревносно милуваат да го користат да има и своја практична примена.

Користам прилика од ова место, раководството на МРТВ да го охрабрат да продолжи со професионалниот ангажман во отстранување на причините кои

доведоа до нарушување на програмската шема на оваа радиодифузна куќа и да го искористат овој моќен медиум во жигосување на сите појави кои водат до политизација, а јас би рекол и до етнизација на македонскиот информативен простор. Во овој момент ова е приоритет над приоритетите и се друго може да се решава во од.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Инаку да ве информирам вас господине Хасипи, вие можеби и добивте едно писмо каде што јас преземам некои чекори за да се разговара околу овој проблем, тоа брзо ќе се рализира во врска со препораките на програмскиот одбор на МРТВ во делот пренос на седниците. Инаку, идејата да се даде на тендер, не мора МРТВ да го дава, тоа ние го продуцираме, ние ќе го дадеме, па можеби нешто и да заработиме ако навистина се толку интересни овие седници.

Има збор господинот Јани Макрадули.

ЈАНИ МАКРАДУЛИ:

Почитуван претседателе, колеги пратеници, најостро протестирам против претходната дискусија што ја имаше пратеникот Кенан Хасипи. Очигледно заборава дека е пратеник во Собранието на Република Македонија. За тоа ќе го потсетам на крајот од мојата дискусија, кои се неговите права, но и обврски како пратеник на Собранието на Република Македонија. Веројатно во Македонија за жал не можеме да се одвоиме од балканските недоречености, проблеми и квази примитивизми што овој Балкан го донесоа на ова дереџе, го држат уште во Балканот, а не во Европа. Секогаш обидувајќи се да решиме некои проблеми од минатото, вештачки создаваме три, четири нови, не му даваме шанса на просперитетот и на успешноста, не и даваме шанса на Европа. За жал обожаваме да живееме во праисторискиот Балкан. За среќа има политички партии кои имаат вистински и чесен морал, а никаква ерозија на моралот немаат кои се грижат и се загрижени за оваа Република Македонија и кои ќе ја одведат оваа Република Македонија во Европа со, или без некој. Жал ми е што јас ќе зборувам, или сакав да зборувам за малку поурбани работи. Сакав да зборувам за радиото Канал 103 кој се наоѓа во извештајот на три страни, една во генералниот извештај и дел во радиото. Но, за жал ваквите дискусии фрлаат сенка на се она што човек сака да го направи конструктивно. Повиците на пратеници како основачи да не плаќаат луѓето претплата, не ја гледам не логиката, туку не ја гледам политичката свест и способност некои да се третираат

не како пратеници, туку и за лидери на политички партии. Но, реков за тоа последниот коментар ќе го дадам на крајот од мојата дискусија.

Реков, можам многу да зборувам за техничките недостатоци на МРТВ и проблемите бидејќи кога бев студент мојата едномесечна пракса ја обавував во МРТВ и за жал голем дел од опремата сеуште е истата, т.е. од 1988 година кога бев таму. Мислам дека зборувајќи да одиме во тој правец нема да има многу ефект. Свесен сум за сите проблеми што постојат и мораме сите тука да помогнеме да работиме конструктивно во изнаоѓањето на решение на овој проблем и практично МРТВ да ја спасиме и да ја приближиме кон европските јавни сервиси и куќи тоа што го прават, а не да направиме заложник како на пример “Нова Македонија”.

Во почетокот на извештајот дадени се двете основни карактеристики на работата и на функционирањето на МРТВ, а тоа се справувањата со долгогодишната финансиска криза, превработеноста и недостатокот на кадри. И тука апсолутно тие проблеми постојат и сите сме свесни за тоа и тука мораме сите заеднички консензуално да настапиме и да помогнеме.

Вториот обид е обидот за кревање на квалитет и слушаност на програмите и тоа е задача на програмскиот колегиум, луѓето кои работат таму. Но, има еден сегмент од работата каде не мора или не мораше да се вложат многу напори да се направи обид за кревање на квалитетот и слушаноста на програмите од проста причина што програмата Канал 103 сето тоа го имаше и квалитет и слушаност. А дека има и квалитет и слушаност во својот извештај го потврдува и предлагачот и му посветил посебно место во извештајот што апсолутно е за поздравување и апелирајќи и самиот во извештајот и укажувајќи на напорите што ова актуелно раководство ги вложило во изнаоѓање на решавање на овој проблем. Иако не можам да се сложам со делот од реченицата каде што се зборува дека на иницијатива на дел на пратеници како претставник на основачот, се препознавам самиот себе, значи како дел од основачот, но не претставник, бидејќи немам легитимитет и никој не ми го дал тоа овластување, туку тоа сум го направил и како пратеник, но сум го направил лично како слушател и пред се почитувач на една група на луѓе која не дозволи Македонија да влезе во српската варијанта на кичерајски турбо фолк. Канал 103 се појави заедно со самостојна Македонија. Канал 103 практично учествуваше во воведувањето на плурализмот во Република Македонија од самото постоење, ако сакате и на музички план, но ако сакате и со апсолутно провокативните некогаш и на наша штета џинглови кои станаа далеку познати без разлика што и ние сме биле, или јас дел, жртва, или како сакате, на тие џинглови. Сепак, Канал 103 апсолутно

претставува блесок во македонскиот медиумски свет во пример за една отвореност, нецензурираност и сето тоа било овозможувано во таа куќа од формирањето уште пред 12-тина години. Се разбира барајќи ги сега причините каде се грешките, можеби ќе се вратиме многу назад и со лошо дефинираниот статус на самиот почеток уште во 90-тите години, не е тука колегата Чашуле кој веројатно прв ја имал таа прилика да го реши проблемот, но не успеал, ниту пак во 1997 година кога се носи Законот за радиодифузија, мислам тоа е клучниот момент кога парламентарното мнозинство на чело со СДСМ не успеало да го реши тој проблем во 1997 година и практично да и најде место на една далеку препознатлива и меѓународно призната радиостаница, или програма пред се не е само тоа радио, мислам дека тоа е едно урбано квалитетно движење и помош на многу млади генерации во Република Македонија, во Скопје и пошироко. И затоа такви неколку стратегиски грешки сега доведоа од една страна кога сакаме реално да го почитуваме законот што го прави раководството на МРТВ, но од друга страна не смеат да бидат ни казнети оние кои својата креативност, урбана доблест и интелегентност и блискост до светските музички и авангардни правци ја изразувале 12-тина години. Тие не се криви затоа што дел од раководствата на македонските куќи, реков 12 години station наназад една плеада на генерации не успеале да го решат тој проблем. Мислам дека ние како основач, а почитувачи на закнот во исто време мораме да изнајдеме решение како да стигнеме до решение за сето тоа. Не сакам да ве навраќам многу наназад или не сакам да дадам многу примери, но да потсетам дека таа група на ентузијасти во тој момент немале станови да ги заложат, па да направат приватно радио како што некои имале нешто, па го вложиле тоа, па си направиле весник, па потоа си се избираат и за лица на годината. Но, тоа е проблем на некој друг. Овие дечки овде и девојки немале таква можност, но државата некако тоа го толерирала и тие на тоа им вратиле со европски, светски музички трендови, со урбана култура и нешто што практично на младите генерации им треба, бидејќи државата секогаш треба да си има некои издувни алтернативни вентили во кои што младите незадоволството од некои работи ќе можат да си ги изразат. Далеку се познати не само журките, или забавите што таа група на луѓе ги правела, значи далеку од Македонија и една од најдобрите реклами можам да ви кажам сигурно за Република Македонија ја прават тие. Во Македонија гостуваат најавангардни музички звезди од различни полиња и практично една дополнителна реклама си правиме на нашата држава со нивна помош. Покрај тоа, заради нивниот концепт на некомерцијална куќа, можност да се промовираат можат и музички групи

и ентузијасти кои и немаат пари, или немаат станови да си ги заложат, туку тие ќе го донесат своето ЦД и ќе може да биде емитувано на програмата. Покрај тоа таквата можност изродила групи кои се далеку попознати од нашите простори, како што се Кисмет, Архангел, Анастасија, моите многу драги Фолтин, ако сакате или мојот соученик Кирил Џајковски. Така што една група на музички промотори на македонската култура се изродиле на овој некомерцијален начин и мислам дека тоа треба и да продоллжи, односно да се обидеме да најдеме начин како тоа да го направиме.

Сосема на кратко, значи сметам дека и Собранието, но и Владата треба да се посвети на заклучокот број 6 што ова Собрание ја задолжило во јуни 2003 година кога сме го работеле претходниот извештај, односно каде што Собранието ја повикува Владата и другите надлежни органи да ја утврдат потребата од давање на бесплатно користење на нови фреквенции на македонското радио, или на македонската телевизија со цел создавање и емитување на специјализирана програма од јавен интерес. Сметам дека секаде во светот националните радиодифузни организации како јавен сервис на граѓаните поддржуваат пред се културна, некомерцијална и едукативна програма без разлика што некој има различен кус за тоа колку е таа едукативна, или не. Покрај тоа Канал 103 апсолутно остана еден феномен кој опстои на транзиционите болки кои ги мачеше Република Македонија, на сите премрежја што ги имаше во овие 12 години, да не погрешам, со постојано вработени, со многу број на хонорарци секако, но со еден буџет што верувам дека е капка во морето на трошоците што ги има МРТВ. Покрај тоа со престанувањето на емитувањето на Канал 103 практично ќе им се даде, всушност ќе се изгуби шансата, или можноста на нови анастасии, нови Архангел групи и тн. да се појавуваат на македонската музичка сцена и практично да останеме на бастионот на турбо фолк кичот од регионот. И затоа ова е еден добар пример како не се останува во Балканот, туку си добар репрезент на Македонија во Европа. Покрај тоа укинувањето, или престанувањето на емитувањето на Канал 103 практично ќе оневозможи една интерактивност на голем број на емисии што ги имаше тоа радио кое, да потсетам се емитуваше 24 часа. Добри се напорите, или конструктивни се напорите да си најдат свое место во втората програма на македонското радио, но за жал во извештајот што го пишува во делот за македонското радио пишува дека во овој момент нема кадровски, покрај другите наведени, но и програмски интерес да се емитува дел од тие содржини. Но, за жал тие содржини сами создале услови да траат 24 часа. Мислам дека е тоа многу битно. Не знам правничкиот термин дали

добро ќе го употребам, дека тоа е стекнато право, но тие луѓе сами создале, тргнале од едночасовна емисија и сега имаат 24 часовна програма и вие не можете тоа да го вратите назад. Затоа реков, една серија, или плеада на различни чинители и од Собранието и од Владата и од радиотелевизиските куќи можело да изнајдат решение и требало да се изнајде решение. Затоа имајќи ги во предвид овие размислувања, но и очигледната поддршка што во јавноста ја има радиото познато како Канал 103, сметам дека е неопходно Владата да го разгледа заклучокот под 6 од седницата од 26 јуни 2003 година. Ќе ги погледнете овие заклучоци што ги имаме денес се доста слични со оние заклучоци од јуни 2003, само фали овој, но тоа не значи дека Владата е амнестирана да го почитува заклучокот 6 и да се изјасни за таа работа. И барам, апелирам ако сакате и молам да се повлече решението на Управата за телекомуникации до носењето на новиот закон за радиодифузија. Мислам тука имаме консензус сите дека тоа мора да се направи, мислам носењето на законот, новиот закон за радиодифузна дејност.

И, до нашиот обид овде да се легализира Канал 103 од страна на Собранието на Република Македонија, кое може да го вратиме на ФМ скалата со додавање на нова ставка во членот 7 од Законот за основање на Јавното претпријатие за Македонска радио дифузија, каде што покрај трите мрежи за телевизија, ние би рекле, се додава и четврта. Но, гледам дека тука не ќе може многу лесно да се направи, мислам ние во Собранието можеме да го направиме, меѓутоа, сигурно имајќи ги во предвид претходните дискусии во програмскиот колектив ќе биде многу тешко, бидејќи секој ќе сака да се фати токму за таа нова фрекфенција. Но, сметам дека до моментот на расчистување во новиот закон за радио дифузна дејност и до одлуката на Владата или до произнесувањето на Владата по точката 6 од претходните заклучоци, радиото треба да се врати во етерот и да уживаме сите во она што го слушавме и досега во фрекфенцијата 103.

Јас како предлагач, мислам како пратеник ќе го предложам тој член, реков ќе биде многу тешко бидејќи гледам практично е неизводливо тоа да се направи заради различните и тесно партиски интереси каде што немаме осет за жал немаме осет за младата и авангардна популација во Скопје и во Македонија, или пак решение, добро решение Владата што поскоро да влезе во процесот на дигитализацијата. Во овој момент со аналогната технологија, значи нема да се задржувам многу од технички аспект, во овој момент аналогната технологија не дава можност да на една мрежа имате повеќе од една фрекфенција. Со дигиталната

технологија каде што мора тоа ние да го направиме бидејќи Европа покрај политичките перформанси бара и некои технички перформанси. Вие не може да се закачите ако не нудите и технички услови, Владата час поскоро дигитализацијата во овој сектор мора да го стави во приоритетните сектори или сегменти во стратешките цели ако сакате како дел од информатичкото општество како стратегиски и приоритетна цел за што зборував при изборот на Новата Влада и така ќе може на една мрежа нормално со додатни уреди да може со мулти пликсирање да се пуштаат различни фрекфенции.

Остана третиот сегмент за кој што сакав да зборувам а тоа се, се мислев да ја искористам онаа фразата што тука сите обожаваме да ја кажуваме, не мислев за ова да зборувам ама бев испровоциран, а тоа се дирекните преноси на Собранието. Значи не го поддржувам укинувањето на дирекните преноси од Собранието. Свесен сум дека во тој случај седниците ќе траат помалку, ќе нема можност за самопромоција, но длабоко сум убеден дека тоа е удар за демократијата на една земја, без разлика за која националност се работи и без разлика за која политичка партија се работи, дали е на власт или е во опозиција. Граѓаните не избрале, граѓаните треба да не гледаат тука како се однесуваме и што кажуваме. Е, тие преноси си шанса господине Хасипи и Неждет Мустафа да седите и во времето кога има Собрание, а не се емитува вашата програма да ги кажувате ставовите и да ги браните интересите, а не да Ве бркаме по салата.

Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам.

За реплика г. Кенан Хасипи.

Повелете господине Хасипи.

КЕНАН ХАСИПИ:

Благодарам госпоѓо потпретседателке,

Ваквиот ваш настап, господине Макрадули, не заслужува коментар. За вас легитимното барање на една етничка заедница за емитување на програми на мајчин јазик е балкански примитивизам. Нивното над едногодишно неемитување е европско размислување на политичките елити. Нека Ви служи на чест. Дали можеби сметате дека е во ред за платената радиодифузна такса да се добие програма која ќе се емитува од 23 часот до 0,1 часот по полноќ, особено за детски емисии и емисии од

културата. А, јас сум лидер на политижка партија и дали ќе бидам лидер одлучува само мојата политичка партија, која ете за ваша жал, на свое чело изгласала балкански примитивец.

Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Господине Макрадули, повелете.

ЈАНИ МАКРАДУЛИ:

Јас сеуште сметам дека балкански привитимизам е кога пратеник од Собранието на Република Македонија повикува да не се плаќа радиодифузната такса, а Собранието е основач на Јавното претпријатие Македонска Радио Телевизија.

Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Господине Неждет Мустафа, Вие сте пријавен за реплика.

НЕЖДЕТ МУСТАФА:

Навистина, го ценам високиот став и анализирање на извештајот на Македонската Радио Телевизија од страна на колегата Макрадули и неговите јавни настапи кај мене секогаш оставаат висок впечаток, но ме чуди неговиот комичен завршеток дека тој не брка по салите за присуството на состаноците. Тоа е прво став на нашата координација, а не јавен настап и сметам дека тој треба јавно да се извини.

Второ, колку што знам за себе јас сум така редовен колку што ми дозволуваат моите можности, зашто сепак сум водач на една политичка партија која располага со локална самоуправа, која располага со еден народ кој е во страшно критична состојба, така што и моето време, доколку некогаш не сум присутен тоа е резултат само на мојата презафатеност со мојата база. Но, сепак, еве повторно тој ќе остане кај мене со еден висок респект на еден колега кој секогаш здраво настапува.

Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

За збор е пријавен г. Спиро Мавровски.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Благодарам госпоѓо потпретседателке,

После овие дискусии после две години со г. Јани Макрадули имаме нешто заедничко од неговото претходно кажување Канал 103 и групите кои навистина дојдоа на македонската сцена. Во секој случај мислам дека ова што треба денеска да го говориме за Македонската телевизија е нешто многу посериозно, нешто кое што и пред една година во истите овие дискусии, стигнавме до едни заклучоци, кои што оваа година ги повторуваме. Значи, ситуацијата е многу лоша, тоа го заклучивме минатата година. Оваа година дел од пратениците кои беа во можност да бидат присутни во Македонската телевизија, истите се убедија во она што го поседува Македонската телевизија и начинот на кој што функционира. Минатата година мислам дека на предлог од Македонската телевизија имаше барање до Собранието во кое што се презентира некоја програма, која што требаше Владата да ја исполни и ова што господинот Макрадули го говореше, од аналогна да се префрли на дигитална и тоа да се стори час поскоро, за да можеме сите заедно да бидеме задоволни од јавниот сервис на Македонската телевизија. За жал, сето тоа не се случи. Сега, многу често спомнувана работа е тоа што очекуваме сите заедно како пратеници, еве веќе овој пратенички состав функционира скоро две години, да го донесеме законот за радио дифузна дејност. Меѓувреме, во оваа последна година ВМРО-ДПМНЕ два пати го постави тој закон за радио дифузна дејност пред Вас пратениците. Вториот пат тоа беше и со јавна расправа, со сите заинтересирани сегменти, тука вклучувајќи ја и Македонската телевизија, сите приватни медиуми, Советот за радио дифузија и воопшто широката македонска јавност, секој што беше заинтересиран, тука би ги вклучил и регионалните радија и телевизии, секој што беше заинтересиран имаше можност сите свои забелешки да ги постави, да можеме како пратеници да ги разгледуваме и да донесеме некои заклучоци и тој закон во втората фаза да претрпи некои измени, мислам дека до денес тој ќе беше донесен.

Ние и понатаму го очекуваме законот за радио дифузна дејност, кој што го прави Пактот за независност г. Роберто Беличанец, кој за жал на последната седница на Комисијата за транспорт и врски се постави во улога на бранител на Македонската телевизија, не знам зошто, но во секој случај, чекајќи го него или чекајќи ве вас господо од коалицијата конечно да се договорите за некои работи за кои што очигледно не можете да се договорите, веќе поминаа две години. До кога ќе биде тој закон за радио дифузна дејност донесен пред Парламентот и Парламентот

да одлучи, тука е вклучена сигурно Македонската телевизија и се она што треба понатаму да прави. Донесени се заклучоци врз основа на тие заклучоци Македонската телевизија реагираше. И сега што е најстрашното телевизијата реагираше прво и основно по тоа што се избркаа вработените. Вработените се избркаа, но сега има и конкурси за прием на нови вработени и еве претходните дискутанти моите колеги упорно инсистираат дека Македонската телевизија е етнизирана. Сега ако тргнеме обратно да видиме што Македонската телевизија и нуди на македонскиот народ ќе дојдеме обратно дека во многу сегменти едноставно дали е тоа поради слабата финансиска моќ или поради немоќта, едноставно да се најде решението како Македонската телевизија да стане јавен сервис дирекно не само да бидеме сите незадоволни, но што понатаму. Јас гледајќи го овој исцрпен извештај што ни беше доставен тука, можам да кажам дека три пати на Собрание беше носен закон за радио дифузна дејност, всушност беше расправано за радио дифузната такса и конечно третиот пат после одбивањето на тогашниот претседател на Република Македонија да го потпише тој закон, беше донесено по трет пат во Собрание и тоа е реализирано. Но, сега господо од коалицијата предложивте нешто друго. Донесовте закон што во најскоро време Електростопанство на Македонија ќе се приватизира. Ако сега тргнаа некои работи на подобро во што не ме убедува многу овој Извештај кој е пред мене, затоа што радио дифузната такса во однос на 2002 година кога наплатата беше 50,8% во 2003 година е покачена на 52,8% или цели 2%. Но, процентот од материјалната добивка е повеќе од 7,2% и тоа се должи на зголемување на радио дифузната такса од 19 дена. И тоа е се. Значи тука не добивме ништо, а многу скоро можеме да изгубиме све. Значи, ова што сега во Македонската телевизија ќе се испушти ќе треба изгледа повторно да се вклучуваат инкасатори или да се најде начин како таа радио дифузна такса едностано Македонската телевизија да ја собира и од неа да продолжи да егзистира. Јас би кажал од ова што го гледам загубата во 2003 година е 127 милиони и акумулирани непокриени загуби 348, вкупната загуба е 476 милиони денари. Значи, тоа е она што како извештај го добивме ние пратениците. Тука има многу бројки, за платена електрична енергија, за платени телефони, за платени многу работи. Но, останува многу работи каде што има, да кажам еве тука ДДВ кое што не е платено од телевизијата, кое што ние како граѓани плаќаме радио дифузна такса сме ослободени, Македонската телевизија не е ослободена. Значи, може тука да се најдат некои законски решенија кои што би можеле да помогнат во оваа ситуација, тоа дека Македонската телевизија ќе се премести од големата зграда во малата

зграда, може да биде заштеда само на овие основни не материјални трошоци во однос на греење на струја и други работи, но тоа едноставно не ги решава проблемите, затоа што ако сакаме прав радио дифузен и телевизиски центар треба да добиеме нова програма. Таква програма за жал нема.

Јас тука како што проговори колегата Макрадули за Канал 103, би кажал нешто за регионалните студија кои што за жал еве Македонија влеговме во 21-от век но и денеска кога добиваме информации од Битола, од Струга, од Охрид, не знам од кое место во Републиката едноставно сликата и покрај тоа што сега е месец јули, можете да видите Извештајот донесе некоја слика од месец февруари кога врнело снег во Битола и таа информација да биде проследена неколку пати така. Значи, директен линк, директни овие студија кои што многу значат за регионите. би морала Македонската телевизија без разлика на све да ги направи затоа што тоа е информацијата. Информацијата ако можеме на сиенен да ја примиме во моментот дали бил Ирак, дали била Танзанија или не знам каде во светот можеме дирекно во овој момент, ние не можеме од Битола, од Прилеп да добиеме информации. Па ќе чекаме за вторите вести во 22, па вестите стигнале во 24 и нема ни да ја добиеме информацијата.

За секој случај мислам дека тоа е еден фактор кој што Македонската телевизија многу сериозно треба да размисли и да најде начин како да го разреши. Јас ги разбирам колегите кои што упорно се инсистира на третиот канал или програмата на националностите но верувајте ми тоа во моментот не е решението за Македонската телевизија. Ние третиот канал можеме да го направиме да биде супер. Тоа е сервис, како што сега го имаме едноставно не функционира. Мислам дека со оваа програма што ја гледаме во моментов Македонската телевизија преоѓањето на некој комерцијални програми, на играна серија, на филмови кои што, ај да не кажам претварачки кои што се вртат на сите локални телевизии кои што сега и Македонската телевизија ги прикажува. Мислам дека тоа не е начинот кој што Македонската телевизија треба да функционира во државата. Значи нова програма, она што значи програма, апсолутно ја немаме. Во самиот извештај е спомнато 100 Илинден, едноставно и ние како држава, како Влада, како Парламент не дадовме многу ни можност Македонската телевизија да се вклучи во таа грандиозна прослава на 100 години Илинден. Мене сеуште ми е жал. Еве стигнавме 101 година. Денеска носевме Закон за ковање на златниците и тоа е почеток на нешто што треба да се слави како 60 години АСНОМ. Мислам дека не смеевме да ги дозволиме тие работи, но тоа се случи и освен оној пренос од Сиднеј каде што навистина македонското

заживеа во онаа вистинска смисла, другото беше испод секој квалитет и едноставно не се случи ништо. Се спомнува 60 години АСНОМ. Добро е сега што во моментот работи Архивата на Македонската телевизија, така што некои драги личности кои повеќе ги нема и се многу блиску до нас во серии кои што биле снимани пред 30, 40 години, ќе можеме да ги видиме. Со тоа ќе бидеме задоволни да се потсетиме на нашата младост. Но, за жал, сегашното време бара многу поактуелна телевизија. Ако за 100 години и за 100 години Илинден не се сними ниеден филм, ако не се сними ниедна драма, ако не се сними ништо играно, освен она што беше презентирано во некои програми кои што се правеа, мислам дека апсолутно Македонската телевизија не е тоа што треба да биде.

Говориме за сателитската програма. Знам дека тоа е товар, но и пред една година говоревме дека сателитската програма всушност е ликот на Република Македонија. Ова што во моментов го добиваме преку кабелските оператори во Република Македонија, програмата од сите наши соседни држави и она што доаѓа од Европската унија, апсолутно ја гледаме целата пропаганда и она што можеме да го видиме во нашите кафиќи и нашата младина што и како се индоктринира во моментот или што слуша и како слуша. Значи, тоа е она страшното што едноставно можеби ние не го гледаме, но тоа се случува тука покрај нас и тоа секој ден. Затоа, онаа убава македонска музика, она што знажи дел од нашата држава, сметам дека не го наоѓа своето место и дека тоа треба се повеќе и повеќе да се гледа.

Гледам дека моите колеги постојано како основен проблем го поставуваат проблемот трета програма, третата програма и третиот канал. Јас знам дека во моментот во МРТВ има намалување на бројот на вработените и од Извештајот што го презентира госпоѓата директор видовме дека и бројот на стручните луѓе кои работат во МРТВ едноставно можеби не го задоволуваат тој квалитет што тие го бараат.

Прашање е сега ако заради формирање на нови редакции, ако имаме формирање на, еве јас се сомневам сега, ако има побарувања на еден добар камерман или тој што ќе биде монтажер, дали тој истито ќе биде битно од која националност е и дали тоа ќе пречи тој во која програмска единица ќе биде, дали ќе биде во албанската, турската или во ромската програма. Едноставно доаѓаме до ситуации кога во моментот МРТВ има толку вработени, а ги немаме такви стручни лица што да очекуваме дека можеме сега да работиме, па тие луѓе ќе треба допрва да ги обучуваме и да почнат да работат. Значи, тоа се наредни четири-пет години

повторно технолошки баласт и повторно недоаѓање до онаа суштина и онаа вистина доколку Македонската Телевизија се бори за квалитет, треба да го реализира.

Значи во моментов од Македонската Телевизија се отпуштаат македонски, се примаат граѓани од националностите во Република Македонија. И, сега тука зборуваме за етизација. Мислам дека не е коректно и дека тоа не е вред.

Друга работа, еве што кажуваат колегите за прекинување на седниците на Собранието, се согласувам со господинот Макрадули дека тоа е основното демократско право на граѓаните кои не бирале кои можат да не гледаат и слушаат, дека некој сака да прави театар, тој ќе го прави дали го има преносот или не, но очигледно со повикување за неплаќање за реализација јас сум за тоа она што ќе го заклучиме на Собранието да добие завршница. Веќе втора година ние не можеме, но ќе ги повториме истите заклучоци. Догодина ќе се случи повторно истото само директорката ќе избрка уште 100 или 200 луѓе и еден дел од заклучоците ќе биде реализиран. Со тоа не добиваме ништо. Сакаме да биде јавен радиодифузен сервис и треба да стане комерцијален како што е во најавата и она што значеше допис од МРТВ.

Со последните упатства од Советот на Европа што се испратени до МРТВ дека се упатуваат јавните дифузери, се дефинира дека јавниот интерес не е само монопол ниту обврска на јавните или државните претпријатија туку е дека јавен сервис вршат и комерцијални радиодифузни организации што пак имплицира дека досегашните јавни сервиси се упатуваат кон пазарот повеќе отколку во досегашната практика. Значи, тоа е тоа што треба да го очекуваме можеби во новиот закон за радиодифузна дејност. Значи, тука ќе се менуваат некои работи, особено комерцијализација. Сигурно и ние како основачи ќе бидеме ослободени со дел од обврските на МРТВ доколку таа ги сработи чисто професионално и она што треба да го сработи. Сигурно за тоа ќе има контрола и ќе треба да се проверуваат сите ангажмани сите договори и се она што ќе го склучи Македонската Телевизија. Ние како основачи нормално ќе имаме контрола.

Беше спомнато дека добар дел од средствата се потрошени, јас повторувам, за сегмент - спорт. Сигурно дека македонските гледачи се задоволни од она што го презентира Македонската Телевизија од англиското првенство, следењето на Европското првенество, но јас имам конкретна забелешка за сите оние домашни првенства за кои Македонската Телевизија треба да најде сили и заеднички јазик со тие федерации да склучи договори со кој што ќе го положи спортот и во оваа

ситуација мислам дека е основното и за Макеоднската Телевизија со наоѓање на спонзори и клубовите да го остварат тоа за преносто преку Македонската Телевизија. Ова се надевам дека многу скоро ќе биде направено.

Тоа што не можам да се согласам со г-динот Макрадули е дека има вистински партии со морал, ако мислеше на партиите што сношти се договорија апсолутно не е во ред, можеби дел од сето тоа се рефлектираше и на денешната седница. Едноставно такви работи не потпаѓаат ни под морал ни под ништо бидејќи неколку пати сме повикани дека постои само една партија или партија која што држи до морал, дека тие ги гледаат работите во Македонската Телевизија и дека така функционира. Тоа е дел и обврска за сите граѓани на Република Македонија и многу скоро ќе видиме кој каде и за што е во оваа држава. Мислам дека тоа ќе го осознаат и граѓаните.

Јас не знам дали на оваа седница ќе има точка за она што беше Извештајот од Државната комисија за спречување на корупцијата, а тоа не е поставено на дневен ред, значи останува уште неколку зборови за Македонското радио, која според мислењето на повеќето и според моето мислење е потпреме врз искуството и оставнината од некои минати времиња без критериуми за тоа како да се оживее програмската шема, како да се прелее од една во друга содржина, како да се презентира веста и коментарот до достоинствено музичко остварување. Најпроста анализа ќе покаже дека на аудиториумот му се нудат зависни програмски целини од политичката состојба и дневните известувања со просечен квалитет, иако програмите ги анализираат искусни професионалци кои со години station наназад работат во Македонското радио.

Посебно не се води, а тоа е забелешка и за Македонската Телевизија, а исто и за Македонското Радио не се води сметка за литературниот македонски јазик и се почесто на програмите на Радиото и на Телевизијата се сретнуваме со некој за мене барем туѓ, извитоперен говор со многу србизми и турцизми, бугаризми или дијалекти, а причина за сето ова е укинувањето на Советот за македонскиот јазик.

И, уште една конкретна забелешка и тука би завршил од 45-та година наваму во Македонското Радио постепено се формирани четирите оркестри и тоа Народниот оркестар, Оркестарот за народни инструменти, Чалгиите и Танцовиот оркестар. Фолклорното творештво има длабоки корени во традицијата, тоа со векови се создавало и генерациски се пренесувало од колено на колено и токму затоа претставува најверодостоен продукт преку кој се препознава националниот, културен идентитет на еден народ. Овие оркестри со своето скоро шест децениско

опстојување не само што го продолжија континуитетот на изворните музички фолклорни традиции туку дадоа и мошне значаен удел тие да се отргнат од времето на заборавот. Со новото доаѓање на директорката на Македонската радио телевизија сето ова мислам дека доаѓа во ситуација за уништување на сите сегменти од овој национален интерес. Така 2003 година се укинати народниот оркестар, оркестарот на чалгии, танцовиот оркестар. Исто тука мислам дека госпоѓата директор во излагањето на Комисијата ја разбрав дека она што беше продукција, касетна продукција дека треба да се комерцијализира. Дали тоа понатаму ќе биде или со самото укинување да речам, можеби во моментот еве како касетна не, но гледаме дека многу од нашите незаборавни имиња како Бадев, Илиевска, Сариевски, можеби од ова гледиште дека после неколку години ќе ги снема на македонскиот пазар. Затоа јас мислам дека ако претендираме Македонската радио телевизија да остане јавен сервис, мислам дека не само со забелешки и предлози кој што ќе ги читаме и догодина, туку ќе треба многу скоро да интервенираме со средства, ако сакаме да добиеме и подобра програма и попросперитетна Македонска радио телевизија. Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам господине Мавровски. Господине Адеми, вие имате реплика, али пред тоа се јави директорката на Македонската радио телевизија, после ќе ви дадам реплика.

ГОРДАНА СТОШИЌ:

Јас се извинувам господине претседателе, сакав да појаснам некои работи.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете имате реплика од 3 минути господине Адеми.

АБДУЛАЌИМ АДЕМИ:

Благодарам господине претседателе,

Сакам да реплицирам на претходниот говорник особено во делот кога се зборува за барањето на албанците за вработување во програмата на албански јазик на третиот канал. Мислам дека приодот што го има претходниот говорник дека се отстрануваат од работа македонци, а се примаат на работа работници од другите заедници, мислам дека е тоа  лош приод, а се чувствува дека тоа навистина се случува во Македонската радио телевизија.

Кога станува збор за обврските што произлегуваат од Охридскиот рамковен договор и  уставните измени и во однос на Законот за јавни претпријатија, мислам

дека не треба да имаме ваков приод. И, тука не треба да имаме никакви сомнежи господине Мавровски и не треба да има од раководниот тим. Од Македонската радио телевизија ние бараме да се вработат албанци затоа што бараме да се подобри квалитетот на програмата на албански јазик. Факт е дека добри оператори или камермани без оглед какви се и од која заедница се, тие треба да бидат навистина квалитетни. Ако не го знаат или ако не го познаваат јазикот на режисерот на реализаторот, тогаш се случуваат грешки во изведбата на програмата или пак реализацијата на програмата. Затоа не е добро на овој начин да се дискутира и да имаме вакви приоди во решавањето особени на проблеми и обврски кои што произлегуваат од Уставот и одредбите на Законот за јавни претпријатија. Ви благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам. Имате нешто да кажете.

Повелете 1 минута господине Мавровски. Контра реплика.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Јас останувам на тоа дека факт е дека квалитетот на снимателите, режисерите, мпонтажерите треба да биде одлучувачки. И било која редакција дали е тоа на албанскиот или на турскиот, мислам дека со квалитетни режисери и со квалитетни монтажери можеме да одиме напред. Значи квалитетот е тој што треба да одлучува. Тоа не значи дека албанец не ќе може да работи во Македонската радио телевизија, во Македонската емисија или продукција. Тука апсолутно не станува збор за формирање сега на уште 10 мали телевизии кој што ќе треба да функционираат во рамките на МРТВ. На таков начин сето ова што го правиме во МРТВ за ослободување од технолошкиот вишок ќе падне во вода. Тогаш ќе се добие само зголемување на бројот на работните места. Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам. Сега има збор господинот Аднан Ќахил, а потоа нека се подготви пратеникот Томе Тромбев.

АДНАН ЌАХИЛ:

Почитувани пратеници, директорке на МРТВ, очигледно е дека има проблеми, а проблемите ќе ги решиме понатаму.

Денеска имаме извештај за работа на Јавното претпријатие МРТВ и извештајот е направен така едноставно, со сите валидни показатели, а јас не би анализирал што е добро а што е лошо. Очигледно е дека е тоа општиот амбиент во Македонија, беспарицата, транзиционите елементи, партизацијата и други работи

што се случуваат, оставаат трага, оставаа и во минатото и сега и во оваа институција.

Јас само сакам да кажам дека ја поддржувам иницијативата да се направи реорганизација во оваа установа, да се приватизира и да се доближи до граѓанинот, до јавноста, со оглед на тоа што основач на ова претпријатие е токму Парламентот, а ние сме дел од тој Парламент. И, тука, постојат проблемите. Да беше радио телевизијата приватна денеска никој немаше да дискутира за оваа работа. Бидејќи е јавна установа затоа со право дискутираме и сакаме да укажеме на позитивните и негативните ефекти и трендови кои ги има и кои се во нагодна или во надолна линија во ова претпријатие.

Верувајте јас не сакав да дискутирам, но од дискусијата од господинтот Ќенан Хасипи, ме поттиткна да дискутирам затоа што има простор за дискусија во овој правец и ќе почнам за тоа да дискутирам.

По низа години кога беше ВМРО на власт се направи програма, зборувам за програмата на турски јазик да биде од еден час и половина до два ипол часа. Власта се изгуби и по 15 септември ќе дојде демократизација, ќе се направи тоа, ќе се направи ова бидејќи имало недостатоци, во ред, народот гласаше, и требаше едноставно коалициониот партнер Демократската партија на Турците која е заедно со СДСМ тие недостатоци да ги отстрани. Да направи програмска шема од два ипол до три ипол саати. Да направи да се воведе квалитет, да направи многу подобар систем на вреднување и да доведе новинари во таа работа. И, каква ситуација имаме, кога има парламентарна сесија и јас сум, патем кажано, како кажа господинот Макрадули против укинувањето, тоа е демократски принцип и едноставно треба да го имаме тоа. Се случува програмската шема е таква, турски се гледа во 11, 12, или околу 1 часот, а најдобро би било по таа шема да биде кино утро, зошто да не. Но, прашањето е сега многу суптилно, каде е проблемот. Дали е проблемот во самата радио телевизија, проблемот во власта, проблемот во опозицијата, прболемот кај некого што треба да контролира или ги дава насоките како треба да се работи во телевизија.

И, токму од оваа говорница пред месец и нешто јас ја критикував директорката за оваа ситуација, но јас сакам од овде да искажам благодарност на директорката дека реагираше и ги викна директорите на радио и телевизија и мене и на турска радио програма уредниците, да седнеме да разговараме. А, мојата реакција што беше. По 15 септември можам да кажам дека за мене на турска програма беше забранет пристап. Апсолутно јас тука шт зборувам од свое име, од името на Партија

за движење на турците во Македонија, проблемите на турците каде што се вели дека и турците учествуваат во радио претплатата и очекуваат нешто да се направи, штама, нема никаде.

Јас се прашувам зошто е тоа така. Седнавме 2 часа разговаравме и одговорно ви кажувам Телевизија ме повика на еден разговор, но откако ме повика мене на тој разговор уште седум пати Демократската партија на турците се појави потоа. А, оваа партија не.

За радио да не зборувам, до ден денеска мене уште не ме повика на разговор, а патем кажано вчера, нели имавме закони, а пред тоа и договарања, децентрализацијата, каде што турците директно беа загрижени, беа директно инволвирани во тоа како се случува. Директорке, ниеден уште од Турската радио програма и телевизија, нема ниту еден новинар да ме праша нешто, што е, како е. Јас сум сепак пратеник, институција. Јас сега се прашувам што е шемата. Дали е тоа што сака народот, или не. Народот сака информации, сака се што е дневно актуелно да слуша, да гледа врз квалитетна основа, не врз партиска основа.

Најодговорно тврдам, моментално, програмата на турски јазик е чисто партизирана и радиото е партизирано. И, во таков контекст, јас незнам со која доблест ќе се појавите господине Ќенан Хасипи на бојкот да не се плаќа, да не се прави тоа, а заборавате на тоа дека тој е во власта а не во опозиција, или грешам, каде што може тие проблеми да ги стави на маса и да ги реши со коалициониот партнер. Или, ако неможе да ги реши едноставно да каже јас одам, не сум повеќе коалиционен партнер.

Колку што знам во демократски земји и демократски принципи за кој што сите префирираме проблемите така се решаваат. Ќе се седне со коалициониот партнер и ќе се реши вака или така. Ќе се караме, ќе се договараме, ќе направиме, ќе се реши. Ако не се реши, за тоа има начин. Тоа не се прави, се прави партизација на Радиотелевизија до крајни граници со тоа што е под опозиција никогаш или нема можност да дојде на радиотелевизија, патем кажано и директорите се поставени под чиста партиска директива, партиска линија, се членови на таа партија. И, зега се прашуваме што се случува.

АДНАН ЌАХИЛ:

Немаме квалитет на програмите на турски јазик. За дневно политичките настани за кои директно се заинтересирани Турците во Република Македонија не им се сервираат податоци. Често пати давам изјави на “Телма”, “МТВ”, “Сител”, “А-1”, а господава новинари кои велат дека треба да бидат гледани во дадено време,

впрочем се согласувам дека треба да бидат гледани, треба да се направи таа шема, а не да имаме флуктуирачко време за гледање, треба да си ја одработат својата работа врз квалитетна основа. Има една партија, има друга партија а утре можеби ќе има трета партија и сите треба да добијат право да го кажат своето мислење, па колку и да тоа мислење биде добро, лошо и ги тангира личните интереси на некои луѓе. Денес во Радио Телевизијата на турската програма - директорке, Вам Ви се обраќам - едноставно мораме да направиме шема каде што ќе бидат достапни сите партии од турската заедница, а и пошироко. Прашувам зошто едноставно не се прават работите, да се земат изјави од други македонски политичари, од албански политичари, па да се титлува и да се направи и види тој широк дијапазон на проблеми што настануваат.

Имаме платено радио такса од Турците и тие што плаќаат радио такса сакаат да слушнат нешто, а не да слушаат едноставно една иста шема од исти луѓе, денес едниот, утре другиот, задутре третиот кои на големо се фалат дека толку многу прават за Турците во Република Македонија, а всушност после 15-ти септември се случи ерозија токму на правата и обврските на турската заедница во Република Македонија. Ако не може Турскаа Демократска Партија да најде заендички јазик со коалицијата, едноставно нека истапи заради интересите на една заедница што се преферира.

Што се однесува до вработувањето, вработувањето е многу важна работа. Треба да се вработууваат луѓе врз економска основа и потреби. Секоја заедница граѓаните имаат потреба да врабортуваат камермани, квалитетни луѓе, или луѓе кои дале свој придонес таму. Впрочем, голем број и во Телевизијата и во Радиото работат хонорарно 10-12 години, а и тука треба да се загрижите за непотизмот и корупцијата, каде наместо да се вработат луѓе кои се 5-6 години таму и да им се дадат решенија, таму се вработува вникот на г-динот Кенан Хасипи и неговата снаа. Не знам дали знаете, треба да ја испитате таа работа. Ако е тоа нормална ;појава, ако се случи тоа и за тоа да реалира, тогаш едноставно да одиме напред. Или директорот на Радио истовремено да биде и директор и дописник на разни агенции во светот и Европа. Директорке, Вам ви се обраќам, тоа треба да го имате предвид. Затоа што Радиото и Телевизијата е сервис на греаѓаните, јас сум лидер на една партија,пратеник и исто така имам право да се појавам на тие телевизии, а не да биее забрана од Турската Демократска Партија овој човек да не може да се појави таму и не може да зборува  таму, а да се бара и да се леат крокодилски солзи за некоја квази демократија, а си ги тераат своите приватни бизниси и работи на

државни јасли. Тоа не е дозволиво, јас ќе се борам секогаш против тоа. Секогаш сум за принципите, а принципите зборуваат дека Турската програма да ја има во определено време, од два и пол часа да се зголеми на повеќе време. Тоа се случи истото и во Радиото, но дали тоа треба да се случи врз основа на договарања, врз основа на работа и работа во самата институција, во Владата што впрочем доби право и обврска да формира Влада од народот на 15-ти септември и тоа се прави на тој начин. Овде на говорница опозицијата има право да биде коректура на тие однесувања. Тоа го правам и ќе го правам. Пак одговорно тврдам, после Вашиот разговор, само еднаш се појавив, ниту разговарале со мене ниту имале интервју, а другата страна постојано е присутна и на Радиото и на Телевизијата. Да ви кажам, турската јавност во Македонија не го прифаќа и нема да го прифати тоа. Турската заедница бара еднаков третман на партииите, лидерите, интелектите во турската заедница, а и пошироко да бидат во програмската шема на турска програма и Радио. Можеби денес не е тема на дневен ред, но е во тој контекст. “Бирлик” се затвори сега пред една година. Дали тоа значи ека поради тоа што на неквалитетен начин се работи ќе дојде до затворање на емисиите и програмите на турски јазик и на Радиото и на Телевизијата. Не би сакал ни да помислам дека ќе се služи тоа. Но, ако не се интервенира, како што до сега не се интервениралше, а поминаа две години од работењето на оваа власт, едноставно со ваквиот деструктивен однос во овој правец сигурен сум дека ќе дојдеме во ситуација не само да паѓа квалитетот, имаме ерозија во квалитетот, едноставно нема вработување, а не може да има вработување ако одиме по партиска и роднинска линија или на тој начин сигурно нема да има вработување, некој ќе се сети дека тоа не може да биде така, ако важат правила треба да важат за сите па и за нив и ќе бидеме во ситуација да нема вработување, програмската шема е таква каква што е и постојано ќе се “вергла” иста работа уште две години, ќе се чекаат изборите, да дојде друга власт, да смени или да не смени една ситуација. Само да ви напоменам дека и јас бев министер во таа Влада и бев во позиција, а можете да проверите колку пати јас сум излегол на Телевизија, а колку пати излегувал лидерот на другата партија. Тој излегуваше повеќе од мене. Никогаш не сум интервенирал за тоа. Постарите луѓе на чело на тие институции беа непартиски луѓе, за разлика од сега кога се партиски определени и обоени. Во таква ситуација не можеме да очекуваме подобра програмска шема. Таква е програмската шема и таква ќе биде, колку вложуваш толку ќе добиеш. Мислам дека еднаш за секогаш треба да се престане со обвинување дека сите се виновни, само ние не сме. Јас сум за постапката во која прво треба да ги расчистиме

односите кај нас Турците, значи во турската програма, тука да се расчистат работите и потоа да се бараат грешките кај другите, да се види каде се греши, што се греши и да се реши на соодветен начин. А соодветен начин е меѓу коалиционите партнери. Ако тука не се реши, јас мислам дека решавањето од типот овде ги повикувам на овој  или оној начин да го прават тоа, мислам дека нема да вроди плод. Тоа не оди во правец на демоктарските принципи и интенции. Сите сме за тоа, но очигледно постапките се во диспропорција и дисхармонија со она што го правиме на дело. Значи теоријата е сосема спротивна од практиката.

На крајот, МРТВ што поскоро да направи реконструкција, реогранизација,  по можност да можат сите програми да бидат многу квалитетни без разлика на која заедница се. А што се однесува до заедниците, ќе зборувам за турската заедница што побрзо да се реорганизира и добие квалитетен кадар, повеќе кадар, повеќе време и да функционира врз основа на квалитет и демократски принципи, а не врз основа на партизација и дирегирање од определени центри на моќ.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам г-дине Ќахил.

Јас се согласувам со вас дека многу работи се објективни, но и ние можеме да помогнеме таа флуктуирачка, како што рековте, програмска шема да се измени. Со тоа на пример сите да зборуваме по пет минути, по еднаш, на тој начин ќе завршиме седница за еден ден, бидејќи на 15 дена се закажуваат седниците ќе имаме само два дена во месецот каде што ќе бидат опфатени.

Повелете, г-дине Хасипи, имате реплика три минути.

КЕНАН ХАСИПИ:

Ндеколку пати бев  спомнат, г-дине претседателе и редно е да се одговори.

Јас би сакал да го прашам г-динот Ќахил Аднан во име на која ТХП се повикува кога е пратеник на ВМРО-ДПМНЕ. Турската редакција го кани г-динот Аднан Ќахил во својство на пратеник на ВМРО-ДПМНЕ дотолку повеќе што ВМРО-ДПМНЕ имаше предизборна коалиција со Либерална партија, а не зо партија за движење на Турците.

Втора рбота, мене ми е жал што г-динот Аднан Ќахил сака на маките на  една етничка заедница да гради ефтин политички маркетинг. Но самиот не е свесен дека тоа го прави на погрешно мести и во погрешно време.

Фала на неговите совети со кого и до кога ќе коалицирам, но наша работа е г-дине Ќахил со кого и до кога ќе коалицираме. Многу наивно смета дека една мала интеркоалициска “препирка” означува криза во коалицијата. По се изгледа дека ќе се изначекате таа да се расипе.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Една минута контра реплика за г-динот Аднан Ќахил.

АДНАН ЌАХИЛ:

Не сум Ќаил како што велите, јас сум Ќахил, а изгледа вие имате постојано еден проблем што иматепрезиме за екстерна и интерна употреба, тоа треба да грасчистите.

И дали јас сум во коалиција или сум пратеник на ВМРО-ДПМНЕ, јас сум се изјаснил како Турчин. Јавноста знае, јавноста ќе знае секогаш чии интереси бранам. А вие дали ќе коалицирате или не, тоа е ваш проблем, како што е мој проблем со кого ќе коалицирам. Меѓутоа, едно да знаете, не можете да се  криете зад тие прашања, она што го правите во Радиото и Телевизијата, партизацијата и ги диктирате условите вие да се појавувате, а сите други да останат надвор од тоа. Тоа не е можно никаде, ниту во Македонија.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Сега  има збор г-динот Томе Тромбев, а потоа нека се подготви пратеникот Лилјана Ивановска.

ТОМЕ ТРОМБЕВ:

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, почитувана г-ѓо директор на МРТВ.

Ги слушам повеќето дискутанти на денешната седница и морам да кажам дека навистина сум загрижен од една дискусија, со која се повикуваат граѓаните на граѓанска непослушност да не ја платат радио дифузната такса и тоа ме потсети на еден период, ако добро се сеќавам, 1996-1997 година кога вон парламентарната опозиција и тогашниот лидер Љубчо Георгиевски ги повикуваше граѓаните на неплаќање на радиодифузната такса, што според мене продуцира состојби кои се рефлектираат денес, состојби кои се крајно критични во МРТВ. Ние и како Комисија

за транспорт, врски и екологија минатата недела бевме во работна посета на МРТВ, е во функција на комисиската расправа и разгледување на Извештајот за работењето во претходниот период во минатата година. Состојбите кои ги видовме таму навистина се загрижувачки и повеќе загрижувачки од она што е напишано во самиот Извештај на генералниот директор.

Голем број од пратениците не беа на таа работна средба и верувам дека не можеме ниту да им го доловиме впечатокот што го добивме таму, како вработените работат на магнетоскопи од 70-тите години, како во ова информациско општество сеуште мастерот на Радиото и Телевизијата сеуште работат со релејска технологија, како другите апаратури се од 60-тите години. Фактички МРТВ и во таа прилика кажав ми наликува на Потенкиново село. Потенкиново село затоа што гледате еден прекрасен објект кој можете да го видите од секој дел на Скопје и прекрасен објект - јас како градежник ценам дека е еден од позначајните објекти што се изградени во Скопје, меѓутоа во неговата внатрешност ќе видите само руина и ќе видите застарена технологија која ја има надминато времето. Тука нормално со таква застарена технологија потребни се повеќе човечки ресурси да ја одржуваат таа технологија и нормално да работат и функционираат со таа технологија.

За жал, во денешниве дискусии фокусот претежно се насочуваше кон други теми, а ценам дека многу малку беа апсотрофирани битните проблеми кои доведуваат до ваквата состојба.

Како прво и значајно, би го нагласил законодавството кое во овој момент е несоодветно, особено Законот за радиодифузија кој е надживеан и нормално, се јавува потгреба да се донесе нов закон.

Како втора причина за ваквите состојби е радиодифузната такса која со Законот од 1997 година се собира заедно со сметката за електрична енергија. Оваа година донесовме измена и дополнување на Законот со цел да го подобриме собирањето на радиодифузната такса, меѓутоа, во секој случај собирањето на радиодифузната такса е половина од она што беше проектирано во досегашниот период.

Ќе се навратам и на третото прашање, а тоа е бројот на канали, бидејќи кога се донесуваше Законот за радиодифузна дејност МРТВ беше проектирана да работи со два ТВ и два радиски канали. Сега ако земете предвид дека од ониј износ на финансиски средства што требаше да се дели, што во процент би бил 100% и ако во овој момент собираме 50%, тогаш би излегло дека во МРТВ објективно би можеле да работат еден телевизиски канал и еден радио канал. Меѓутоа, се случи и еден

друг куриозитет во 2000-та година, кога со измени и дополнувања на Законот од тогашната Влада додаден е и трет канал и можете да замислите сега во каква ситуација е МРТВ во овој претходен период. Со финансиски средства за работење на два канали, со пола средства собрани треба да се опслужува и трет канал и тука настана тотален дебакл во функционирањето на МРТВ. Јас велам дека и ова што го гледаме е добро и тука ќе го надоврзам оној дел на дискусиите во врска со правичната застапеност. Апсолутно немам дилема дека тоа треба да се случи. Неколку дискутанти тоа го потенцираа. Меѓутоа, доколку со оваа техничка опременост која ја имаме во Македонската Телевизија и таа техничка опрема падне во одреден момент, а имаме многу иргентна ситуација, тогаш што ќе ни е правичната застапеност? Македонската Радио Телевизија во овој момент техничко-технолошки толку е застарена што навистина и ртреба една шок терапија. Ние како основачи должни сме да укажеме дека МРТВ ги прави, да не речам крајните чекори, исцрпувачКИ чекори во однос на своето рабоење, меѓутоа, затоа ние сме должни заедно, во соработка со Владата, да и помогнеме на Македонската Радио Телевизија во освојувањето на нови технологии, затоа што и граѓаните го заслужуваат тоа, ако се споредиме со соседните држави кои веќе  го започнаа тој процес.

Во врска со каналите би сакал да додадам дека во претходниот период, исто така, и Македонската Телевизија почна да зрачи на еден сателитски канал. Меѓутоа, во оваа прилика би сакал да соопштам и една жална вест дека сателитскиот оператор ТАРТС минатата недела банкнотира, така што сигналот на Македонската Телевизија во овој момент не го гледаат нашите иселеници во сите делови на светот.

Како и кога ќе се разреши овој проблем останува да го разреши времето, се разбира и Министерството за транспорт и врски кое што е надлежно за ова. И да завршам приоритетно и императив во оваа дејност е донесување на новиот закон за радио-дифузна дејност кој што кажавме повеќе пати се припрема во Владата. Точно е тоа што го кажа г-динот Мавровски дека ВМРО  два пати предлагаше закон, меѓутоа од тука пак да го потсетам г-дид нот Мавровски дека тие две решенија кои што тогаш ги имаа дадено, тие имаа голем број недостатоци во однос на имплементација на препораките на Советот на Европа во однос на директивата Телевизија без граници, во однос на Конвенцијата за прекугранична телевизија во однос на препораката за независни регулаторни тела. Така што пак уште еднаш ќе

повторам дека императив е да се донесе новиот закон за радиодифузија, а се разбира органите за управување на МРТВ да ја продолжат трансформацијата, бидејќи закаснето и програмата за трансформација Владата ја прифати пред еден, или еден ипол месец, многу поинтензивно да се влезе во тој процес за трансформација, а се разбира и ние како Собрание и Влада да и дадеме подршка на МРТВ и она што го кажа и еден од колегите кога ќе дојде буџетот за 2005 година, да се залагаме што повеќе средства да добијат програмите на МРТВ.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Има збор г-ѓа Лилјана Ивановска.

ЛИЛЈАНА ИВАНОВСКА:

Благодарам потпретседател, почитувана потпретседателке , почитувана директорке на МРТВ, почитувани колеги, после толку дискутанти тешко е човек да не се повторува, меѓутоа некои работи треба да се потенцираат особено на толку значајна тема колку што е Извештајот на МРТВ. Најнапред сакам да искажам подршка на директорката во напорите за трансформација на МРТВ како јавен радиодифузен сервис. Од сите дискусии произлезе дека не е спорен фактот и потребата да се дефинира јавниот радиодифузен сервис, меѓутоа тоа треба да се направи во новиот закон за радиодифузија кој што две години го повторуваме и секако веќе не е прашање дали, туку прашање е кога овој закон ќе биде донесен. И освен што дискусијата во Собранието ја потенцираше потребата од овој закон за радиодифузија и Извештајот на ОБСЕ за 2004 година, исто така ургира ургентно да се донесе овој закон за радиодифузија за воведување на ред во радиодифузниот сектор, не само за потребите на дефинирање на статусот на МРТВ, туку и финансирањето на радиодифузните друштва кои исто така живеат, но работат во многу тешки услови кои што во неколку прилики на Комисијата за транспорт и врски имавме прилика да ги слушнеме со асоцијацијацијата на приватните електронски медиуми.

Во заклучоците на Комисијата за транспорт и врски кои почитувани колеги, ги добивте фактички опфатено е сето тоа што денеска се дискутираше и проблемите за програмите на етничките заедници кое што е содржано во заклучокот точка 5, каде што треба да се најде простор. Меѓутоа, апсолутно сум против укинување на директните преноси на работата на Собранието, не од само себе промоција, туку од причини што информирањето на Собранието е на едно ниво и ефикасноста и

скратувањето на седниците, се согласувам со претседателот на Собранието, начините треба ние пратениците да ги најдеме во делот на скратување на дискусии, кое што не е скратување на демократското право на изнесување и во зголемување на ефикасноста на работата на Собранието кое што е наша обврска како пратеници, а како ние ќе се договориме, тоа секако зависи од нашата внатрешна координација меѓу сите пратенички групи, не само на позицијата.

Ќе се вратам на Извештајот.

Извештајот навистина е обемен, детален и одлучен и предлага предлог мерки и ја прикажува реалната состојба во МРТВ. Се гледа каде се главните проблеми, тоа е проблемот на финансирањето, проблемот на персоналното и техничкото опремување на МРТВ. Јас не бев во МРТВ, меѓутоа колегите ми пренесоа каква е реалната состојба таму, иако податокот за староста на опремата доволно зборува за подновувањата во опремата.

Овде ќе зборувам за структурата на приходи и расходи кои што ги имаме во Извештајот. По структурата на приходи ќе се види дека најголемиот дел отпаѓа на радиодифузната такса кои што проблеми ги зборувавме за измените и дополнувањата на Законот за радиодифузија каде што имаше противници на оваа такса, на овие измени, меѓутоа се виде дека овие измени доведова до покачување на наплатата на радиодифузната такса. Процентот во структурата е 83% во делот на реалните финансиски показатели, 11% од маркетинг услуги и многу мал дел отпаѓа на други услуги. И од оваа структура се гледа најголемиот дел отпаѓа на радиодифузната такса и еден дел од услуги на маркетинг, сепак има и ограничување како јавен радиодифузен сервис заради јавниот интерес во користењето на маркетинг услугите.

Во делот на расходите се гледа дека најголем дел отпаѓа на платите, тоа е 36% и 36% на нематеријални трошоци, пред се на авторските права. И овде МРТВ вложи исклучителни напори за подмирување на застарените долгови во исплата на авторски права кое што е за пофалување.

Овде сакам да го истакнам нискиот степен на издвојување на амротизација кој што е проблем за одржување на застарената опрема. Само 3,2% е амортизацијата која што знаеме дека едни електронски уреди, а номеклатурата дозволува и до 20% годишна амортизација. Така што можностите за финансирање на амортизацијата се ограничувачки. Нема да се повторувам за потребите на Законот за радиодифузија, доволно зборуваа сите претходници, Извештајот на ОБСЕ доволно зборува за ургентноста.

Овде ќе истакнам во делот на ДОЕЛ , ресурси, можности за приватизација на некои делови кое што исто така беше дискутирано на Комисијата за транспорт и врски каде што ние како Собрание треба да ја преиспитаме правната можност за приватизирање на некои делови кои што можат комерцијално да работат и да дадеме подршка на приватизација на овие делови.

И за Канал 3. Канал 3 беше поставен како експериментален канал. Така што Владата треба да вложи средства, да се изнајдат екстра финансиски средства за финансирање на Канал 3, и таквите дискусии апсолутно не водат кон решавање на проблемите на каналите. Овде се поставува прашањето, колку Македонската држава може да финансира, дали два или три канали телевизиски, тоа е прашањето, колку пари, толку свирка.

И околу излагањето на колегата Ејуп Рустеми кој што кажа селективни бројки во делот на прибирањето на радиодифузната такса. Не се согласувам, затоа што сакајќи да прикаже дека во некои делови како се наплаќа радиодифузната такса. Заборава да спомене на пример дека во Ресен 47% се спомнува радиодифузната такса, или пак во Свети Николе 50,9%, а да спомене дека на пример во Кратово се плаќа 1,4%. Не се согласувам. Потреба за квалитетна програма имаат сите граѓани на Република Македонија, а не селективно да се издвојуваат бројките дека во Гостивар се плаќаат 22%, наспроти Кратово 1,4%. Така што и Ресен со 47% и Свети Николе со 50,9% од напратата. Тоа секако зависи од подружниците на Електростопанство на Република Македонија во ефикасноста на наплата на електричната енергија , а со тоа и на радиодифузната така. Меѓутоа, во одредени подрачја секако , а повиците на одредени политички партии во минатото да не плаќаат радиодифузна такса имаат одраз и до ден денес за ниска наплата на радиодифузната такса и секако општата сиромаштија граѓаните редовно да си ги подмируваат трошоците за електрична енергија, еден голем проблем со кој што наплатата на радиодифузната такса е на тоа ниво. И секако дека сите посакуваме наплатата да биде 73% колку што била во 1997 година, кога беше донесен Законот за радиодифузија. И секако, така ние го гледаме секторот на медиуми. Меѓутоа, во Извештајот на ОБСЕ за состојбата во медиумите не е така розова како што ние сакаме некои работи да ги прикажеме каде што етничкото подвојување на телевизиските и на радио каналите не води кон прогрес. Напротив, подржувањето на мултиетничките програмски содржини, на мултиетничкото работење на јавниот радиодифузен сервис е потребата која што Република Македонија се определи како мултиетничко општество.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Има збор г-динот Слободан Чашуле.

СЛОБОДАН ЧАШУЛЕ:

Благодарам г-ѓо потпретседател, почитувани колешки и колеги, почитувана директорке, имам доволно минат труд вложено во оваа област. Да почнам сосема лично на почетокот. Морам да кажам дека ми е многу жал што после 14 години дојдовме да разговараме овде за еутаназија. Сватете ме како сакате, меѓутоа чувството ми е тоа. Имаме еден од највиталните организми кој ни овозможи да ја донесеме демократијата и со самосотјноста на оваа држава, а во овој момент разговараме како на умирање да му ја земеме душата. Јас сум против тоа. Најверојатно како на поранешен директор на радиото, на мене се гледа како на човек кој сега ќе отвори кавга. Со кого? Кавгата можам да ја отворам само со себе и со сите нас овде, бидејќи како и со многу други работи, почнувајќи од државата, така и со МРТВ правиме крупен грев, ги гледаме последиците, правиме од една коалиција до друга коалиција палијативни решенија, секој од нас во главата има најверојатно искрени визии за тоа што сакаме од јавниот радиодифузен сервис, ама никако да седнеме и како одговорни луѓе, како држава во едно демократско општество на слободни граѓани да се договориме каков јавен радиодифузен сервис сакаме, каков радиодифузен сервис граѓаните сметаат дека им треба.

Следниот логичен чекор кој никако да го направиме е тоа што сме си го зацртале како амбиција, можеме ли да го оствариме, имаме ли пари, имаме ли луѓе, имаме ли талент, имаме ли технологија? Па кога ќе видиме колку имаме, а сиромашни сме и неможеме да имаме онолку колку што сите во главите го носиме 21-от век на електрониката, тогаш врз основа на тоа што го имаме од тие наши максимални идеи ќе се обидеме да направиме една оптимална, една остварлива МРТВ која можеби нема да биде во целост слика на нашите амбиции, на нашето мултикултурно општество, ама ќе биде израз на нашите можности. И тогаш ќе можеме да изградиме еден самостоен радиодифузер кој во рамките на законот, во рамките на таа стратегија што ја сакаме од јавниот радиодифузер ќе работи самостојно со целосна одговорност пред граѓаните, а не пред нас, па преку нас по дефиниција пропорционалниот парламент кој е идеолошки да одговараат на издвоени центри на моќта. Ние 14 години, или подобро речено 10 години, до 1994 година, некако стариот Закон за радиодифузија овозможуваше во едно конфузно

време да се работи со демократски стандарди и со самоуправни принципи, ама 10 години ние како мали сиромашни деца од партали правиме топка, ја нарекуваме МРТВ и си ја шуткаме од една коалиција до друга, од една Влада до друга, од една партија до друга, проблемите се таложат, технолошката супстанца застарува по природата на нештата, а кај нас застарува затоа што неможеме да ја одржиме, се троши што е најстрашно во овој момент и последниот здив на супстанцата наречена талент без која незнам каква блескава технологија да имате, нема програма, нема никаква програма, а камо ли програма која треба да биде израз на едно извонредно комплексно општество кое бара еманципација и афирмација на својата мултикултурност. Тоа со оваа состојба како што се чита во Извештајот на МРТВ е невозможно. Незнам ние овде колку зборови меѓу себе и колку обвиненија ќе измениме едни со други и едни како основачи врз основа на раководната гарнитура и нејзиниот управен одбор, нема да се смени. Ние можеме да примиме луѓе на работа, ние можеме да правиме шеми, да цртаме проценти, да предвидуваме вакви канали, онакви канали, верувајте ми , ова ви го зборувам како човек што векот го минал низ новинарството и во оваа институција тоа што ние го имаме во главата, со тоа што го има меѓу тие ѕидови на тој бел мамут кој е по грешка направен уште тогаш е неостварливо. И што вреди сега јас на Гордана Стошиќ да и држам лекција како треба да биде директор и што треба да прави со Законот кога ние овде не успеваме да се дефинираме, да се договориме, да ги тргнеме рацете од МРТВ, да ги тргнеме политичките амбиции, да престанеме да си даваме голови со неа и да ја пуштиме како што еве, се свестија хрватите, како што се свестуваат и други држави, како што многу држави по дефиниција од почетокот има, да ја пуштиме да им служи на граѓаните со раководство кое нема да биде партиско, со раководство кое ќе им должи отчет на тие што плаќаат за него такса, а тоа се решава на илјада начини многу подобри од овие решенија кои ние ги правевме како дополнителна крпеница на закрпената идеја што сакаме од Македонскиот радиодифузен сервис. Луѓе не барајте нешто невозможно од тие луѓе таму или од она малку што остана таму, што не значи дека ги апсолвирам од одговорноста, бидејќи ако гледаш дека немаш средства, ако гледаш дека неможеш да го направиш тоа, тогаш дојди овде, застани јавно, врати го мандатот и фрли ја одговорноста кај нас и речи: Ајде, седнете, направете нешто. Го поддржувам г-динот Тромбев, бидејќи како есперкт укажа на некои работи на кои сакам да укажам и јас. Јас знам дека нам и седум канала и девет канала не ни се доволно, поединечните амбиции на сите девет партии застапени овде и на сите незнам колку заедници да ги

оствариме. А ние можеме да издржиме со ова што го имаме во овој момент едвај еден канал на радиото, на телевизијата. И тие се проблематични, бидејќи со оваа технологија прашање е на време, ако не инјектираме пари кога ќе умрат. Сега е изменета, ама не е на опозицијата одговорноста ова прашање да го реши, ама еве, таа сесрдност се залага да застане зад вас од коалиционата Влада и да видиме можеме ли ние нешто да направиме? Ајде, дајте го тој закон овде, дајте да се предоговориме. Ништо не е вечно и ништо не е непроменливо. Па ние го променивме Уставот, па еден закон за радиодифузија, или еден закон за МРТВ е ситница во однос на крупните чекори што ги правиме, а ние никако овие работи не сакаме да ги направиме. Г-да, разберете, неможе со решенија кои отвараат нови проблеми да ги решаваме старите проблеми, а ние тоа упорно го правиме. Па нашиот закон за радиодифузија нема 200 години, има едвај седум години и ние упорно велиме дека нечини и никако да седнеме да го измениме, да го видоизмениме. И претходната Влада и Владата пред тоа што го срочи со се дефекти. Па, извинете ве молам, наспроти сите критики што можам да ги забележам на Прогрмата на управувањето, на раководењето со МРТВ , г-ѓата Стошиќ и јас бевме најгласните противници на законот од 1997 година. И сега ве слушам вас како го говорите тоа што јас го говорев и тоа што таа го говори. Сега таа е најдена во состојба во стапица да биде фатена од законот против кој што беше, а јас ја имам слободата да речам и тогаш како што реков и сега, не чини, не чини бидејќи не дефинира што можеме. Ние сакаме постојано овде и на товар на нашите даночни обврзници да им поставиме што сакаме што би било идеално, ама никако да сватиме дека тоа е далеку од нашите можности.

Ние, со скудни маки од 1990 до 1994 година како израз на мултикултурата за која сите овде зборуваат, успеавме да направиме програми и цели радио-станици, оти каналите и радио-станиците се условен термин. Врз основа на технологијата што ги имате вие можете на три предаватели да направите шест радио-станици, ако сакате, ама ние тогаш направивме крупен исчекор, формиравме програма на сите јазици на тогашните народности или национални малцинства кои не беа заедници. Не можеше да ги задоволи сите потреби за нивната еманципација и истакнување на вредностите на нивната култура, ама беше крупен исчекор напред. Зашто сега застануваме. Ама не треба да застанеме за да земеме од еден да му дадеме на другиот, туку треба сите заедно, ако веќе сме интигрирано мулти културно

општество, да видиме како можеме сите заедно во она малку кое што го имаме да се најдеме па со концентриран квалитет да ги истакнеме тие вредности.

Не господа, вака ние само ќе гоусвоиме и овој Извештај бидејќи има доволно мнозинство, ќе ги кажеме зборовите што ги кажуваме, ги кажуваме вака од 1994 година наваму, кога прв пат се прекрши Законот за Македонската радио-телевизија или радиодифузниот закон, тогаш немаше закон за МРТ имаше радиодифузен закон и отогаш наваму некако оваа работа постојано преку колена ја прекршуваме заради тоа што во Македонската радио-телевизија повеќе гледаме алатка за манипулација, отколку сервис во функција на граѓаните на Република Македониј, на макеоднскиот народ и на сите заедници кои се со него рамноправни во оваа држава.

Господа, јас ги прочитав препораките на ОБСЕ, на Советот на Европа и на сите наши добронамерни пријатели во светот. Таму нигде не ни пропишуваат како ние ќе се усобразиме со својата стварност. Тие таму ни даваат рамки, широки рамки доволно комотни рамки. И еве последното што беше предмалку цитирам. Па таму во препораките не стои дека Македонската радио-телевизија мора да биде комерцијална, таму стои дека секој што може врз основ ана радиодифузната такса или на Буџетот на оваа држава за тие пари да прави јавен радиодифузен сервис, може да го прави. Тоа значи тоа, а тоа не значи сега дајте се да комерцијализираме. Не, господо, треба да се разликува помеѓу комерцијална телевизија, која е по дефиниција фриволна и немојте да се фаќате за преносните значења за ова, во стручната технологија тоа значи тоа, туку телевизија која има намера врз основа на продавање на она што оди на пазарот да создава профит. А, јавниот радиодифузен сервис е радиодифузен сервис кој по дефиниција го произведува она што е најскапо, а тоа е еманципација на културата, каде ретко кој приватник , бидејки нема профит, би инвестирал. Не треба да се мешаат тие две работи, туку тие работи треба да постојат и во едно демократско општество кое сака да гради иднина врз основа на мултикултура, ресурсите треба да се сконцентрираат, Македонската радио-телевизија да се исчисти од комерцијалната, потреба за да може да се преживее и во неја во рамките на нашето чергиче, на онолку саати, не канали, туку саати програма, колку што нашиот сиромашен даночен обврзник може да плати, толку да имаме програма која ќе даде одвет на вредностите што ги имаме и со сконцентриран квалитет ќе ги афирмира и тука и во светот. Да не ги мешаме работите. Точно е ако утре имаме Буџет , ако имаме такса која ќе му се види некому исплатлива и приватник ќе се нафати да конкурира за концесијата, како што тоа е направено во Франција. Јас сум далеку по многу вредности да ја споредувам

Франција со нас, но велам постојат механизми , ние нема да измислиме топла вода ако во главите го расчистиме тој шум и почнеме на телевизијата, на радиото, на сателитската програма и на сите други дејности кои се таму, да гледаме низ призмата на нашата реалистична стварност, а не да гледаме како на алатка која од Влада до Влада треба да служи за да пропагира и да еменципира, ако е зависна, само една идеја. Не , нам ни треба сервис, кој ќе ги одржува чалгиите, ама нема на тој сервис да му натовариме нешто што му е тешко или да му речеме издржавај ги и да се правиме недоветни преживај на толку многу саати и програма , распојасана на толку многу програми, со толку многу мултиетнички барања, преживај и плус на грбот земи го ова. Па, ќе голабира, ќе умре и утре ќе нема ништо. Нема да има програма. Нема да има програма на македонски јазик, нема да има програма на ниеден јазик, од ниедна од рамноправните заедници во оваа држава. Значи, се работи не дали јас како претставник на опозицијата и поранешен директор сметам дека ова раководство добро работи, туку дали ние сме во состојба ова што ви го кажувам да го направиме. Да го направиме така како што опитниот свет кој е долги години во демократијата тоа го направил. Толку колку што можеме да произведеме за тие пари, да се дадеме на инвестиција која што ќе овозможи технологија тоа да се прави ефтино. Дигиталната технологија е скапа да се купи во стартот. Тукга г-динот Макрадули навероватно знае повеќе од мене, но во експлоатацијата и во зрачењето и во постпродукцијата е многу поефтина на долги стази. Ако тоа го направиме и ако се ограничиме на тоа што сакаме од сервисот, тој и со оваа наплата и дали ќе биде еден канал, дали ќе бидат два канали, дали ќе биде половина канал и со оваа наплата, ќе биде јавен радиодифузен сервис. Вака и натаму останува да биде крпеница.

Конечно, за пред крај малку историја. Господине, Макрадули, каналот 103 го создадов јас заедно со Зоран Иванов и со една блескава група на млади луѓе ентузијасти , кои на нас повозрасните ни дарија талент, а на Република Македонија и дарија незаборавна вредност. Канал 103 настана во времето кога Македонската радио-телевизија располагаше со фрекфенциите. Ние имавме добиено предавател да го тестираме. Тој предавател можеше да биде тестиран со испуштање на илјада херци сигнал да видиме до каде пропагира и како. Заедно со тогашниот директор на ООЗТ Предаватели и врски, Љубиша Ѓорѓевски решивме нема да емитуваме пискав звук на илјада херци, туку ќе емитуваме музика. И, така се роди Канал 103. Собравме една млада група на ентузијасти и рековме пуштајте музика, додека не успееме со основачот да се договориме да ви даде да прозборите. И, тие зборуваа

тогаш преку џинглови и направија култ. Потоа, повозрасните колеги, некои од вас се сеуште тука, други беа тука, не се тука, се согласија дека Канал 103 треба, а јас се радувам што и оваа генерација, најмладата и натаму смета дека треба. Тогаш, Канал 103 не беше проблем, туку беше решение , беше одвет на потребите на едно ново општество. Не се појави како проблем, бидјеки фрекфенцијата ние како колегиум , Програмски одбор на Македонската радио-телевизија, му ја дадовме. Што се случи понатаму и зошто тоа не се озакони, не сакам да ви го арчам времето, меѓутоа, точно е дека на нас е тоа да го направиме. Ние можеме да донесеме одлука, да го смениме со амандман Законот за Македонската радио-телевизија, можеме од Владата да побараме со посебно решение од Дирекцијата за телекомуникцаија преку Советот за радиодифузија, фрекфенцијата 103 да се издвои и да продолжиме, бидјеки и тоа е јавен радиодифузен сервис. Зашто, верувајте ми, ви зборувам како експерт и таа музикане е толку профитабилна, колку што е шундот за да носи профит, па некој да инвестира во неа. Затоа, треба со задоволство овде да одлучиме и оние минимум пари што се потребни за таа дејност да се направат, еве нека не биде во Македонската радио-телевизија, нека биде  посебно јавно радиодифузно претпријатие Канал 103, кое ќе биде култно радио кое ќе биде изземено од општото миље и кое ќе служи на еден сегмент на оваа јавност, бидејки ние веќе со  амбициите што ги имаме и со решенијата што ги даваме , на секој што ќе побара му нудиме многу повеќе отколку што можеме да дадеме, па не гледам зошто. Од инат, еве, на мене и на Зоран Иванов и на другите како основачи, од името на младата генерација која што го создаде и од името на младите генерации што го бараат, дајте да направиме нешто. Еве, овде ќе имате , јас ви гарантирам едногласност ако дојде пред Парламентот опозицијата, позицијата, јас сум спремен заедно со вас , кој сака со мене да го подготвиме тој амандман, тој предлог на закон, тоа решение, да го потпишеме да го истргнеме канал 103 од политичките препукувања и да им пуштиме на младите луѓе да живеат. Господо, се сеќавате ли колку многу бев прозиван како главен и одговорен уредник на тоа радио, затоа што една млада група на луѓе, имитирајќи го Орсон Велс пред вести дека ќе имаме војна во оваа држава кога зборуваше дека ...

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Привршувајте г-дине Чашуле, времето поминува.

СЛОБОДАН ЧАШУЛЕ:

Ќе привршам кога ќе бидам готов.

Една генерација луѓе која рече дека Бјело дугме нема да дојде во Македонија, оти е извршена инвазија. Меѓутоа, тоа не пробуди. Успеавме да се раздвижиме како општество и ги одбранивме нив, ја одбранивме таа позиција и успеавме во оваа држава да направиме, барем ако ништо друго, едно катче, едно прозорче на млада демократија, затоа што нашава стара очигледно не е доволна и не може да даде одвет за потребите на ова наше општество.

Уште еднаш да ви кажам, дајте нам Македонската радио-телевизија ни треба самостојна, нам Македонската радио-телевизија ни треба ефикасна и нам Македонската радио-телевизија ни треба како сконцентриран квалитет, за да може да им служи на сите наши граѓани. Прво, како граѓани, потоа како единки кои имаат потреба од култура и потоа како единки кои имаат потреба од посебност.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам г-дине Чашуле.

Точно е 17,00 часот и тука прекинуваме со работа.

Утре седницата ја продолжуваме во 11,00 часот.

Имаме уште тројца говорници, прв е пратеникот Лилјана Поповска, а потоа Славица Грковска.